## *Царинска регулатива*

Врз основа на измените и дополнувањата на Царинскиот закон, донесени во декември 2012 година („Сл.весник на РМ“ бр.171/12), во јануари 2013 година се донесоа **измени и дополнувања на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон** („Сл.весник на РМ“ бр. 2/13). Со овие измени и дополнувања се изврши одложување на имплементација на одредбите поврзани со ставањето во функција на новиот систем за електронска обработка на царинските декларации и акцизни документи (СОЦДАД). Одложување на имплеметанцијата на овие одредби е до 01.01.2014 година.

Во јануари 2013 година Владата на Република Македонија донесе **Одлука за дополнување на Одлуката за определување на видови на стока кои се предмет на постапување на царинските органи на определени гранични премини** („Сл.весник на РМ“ бр. 11/13)., со која **се овозможи внесување и изнесување на алкохол и алкохолни пијалоци преку уште еден граничен премин со Република Албанија - Блато**. Досега, размената на ваква стока со Република Албанија беше можно да се изврши само преку граничниот премин Ќафасан. Проширувањето на постојната листа на царински испостави преку кои се врши внесување и изнесување на определени стоки е во интерес на деловната заедница. Со тоа, не само што се зголемува можноста за избор на испоставата преку која ќе се изврши увоз и извоз на ваква стока, туку и се остварува ефективна заштеда на ресурси бидејќи се намалуваат транспортните трошоци.

Во март 2013 година е подготвен Нацрт **на Предлог закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон.** Со истиот се предлага правна рамка за отпис на долг настанат во царинската постапка, како и услогласување на одредбите кои се однесуваат на трошоците за анализа и преглед на земените мостри, одредбите за царински дозволеното постапување или употреба на стока во слободни зони и слободни складови.

Во март 2013 година Владата на Република Македонија донесе **Одлука за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба (**„Сл.весник на РМ“ бр. 37/13), која е изработена на врз основа на Регулативата (ЕУ) бр. 388/2012.

## *Царинска тарифа*

Со измените и дополнувањата на Законот за царинската тарифа („Сл.весник на РМ“ бр.11/12) се **укинуваат или намалуваат царинските давачки и на 128 тарифни ознаки,** започнувајќи од 01.01.2013 година:

- **Се укинува царинската стапка од 6%** на примарни форми на полиетилен терафталат и фолии од полиетилен терафталат, кои масовно се користат за амбалажа на прехрамбени продукти, во графичката индустрија како и во електронската индустрија;
- **Се укинуваат царинските стапки од 15%** на репроматеријали за резервни автомобилски делови (облоги и плочки за кочници, фрикциони производи и други делови од нетемперирано леано железо);
- **Се укинуваат царинските стапки од 5%** на алатни машини (105 различни видови алатни машини);

- **Се укинуваат царинските стапки од 4%** на железнички товарни вагони;
- Царинските стапки за автобуси, кои изнесуваа 10% за нови и 15% за употребувани**, се намалуваат на 5%.**

Во јануари 2013 година е донесена нова **Одлука за укинување на увозните давачки за одделни необработени благородни метали** („Сл.весник на РМ“ бр.4/13), со која се укинува царинската стапка од 7% (пред сѐ злато и платина) до 31.12.2013 година.

## *Заштита на права од интелектуална сопственост*

Во март 2013 година до Собранието на Република Македонија е доставен Предлог за изменување и **дополнувања на Законот за córинcки мерки за заштита на права од интелектуална сопственост.** Со истиот се воведува законска основа за бесплатно отстапување на фалсификувана стока од вид облека и обувки, на семејства чиј вкупен месечен приход не надминува 1,5 просечни месечни плати, како и за санирање на последици од елементарни непогоди. Притоа, потребно е да се обезбеди согласност од носителот на фалсификуваната трговска марка, уверенија од надлежните органи дека стоката е здрава и безбедна, како и да се отстранат обележјата на трговската марка. Трошоците ги сноси државата, а надзор над целокупната постапка треба да врши Царинската управа.

## *Друга регулатива која има влијание врз царинското работење*

Во текот на првиот квартал од 2013 година донесени се следниве регулативи, поврзани со царинското работење:

- Правилник за посебни барања за безбедност на керамичките производи што доаѓаат во контакт со храната („Сл.весник на РМ“ бр.1/13):
- Правилник за посебни барања за безбедност на индивидуални супстанции или групи субстанции кои доаѓаат во допир со храна, а се испуштаат од цуцли од еластомер или гума („Сл.весник на РМ“ бр.1/13):
- Листа на опрема на која не се однесуваат мерките за забрани и ограничување за пуштање на пазар во РМ на електрична и електронска опрема како и максималните вредности за концентрација на опасни супстанции, роковите до кои е дозволено присуство на одредени опасни супстанции во електронсска опрема, нејзините составни делови и материјали („Сл.весник на РМ“ бр.2/13):
- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло („Сл.весник на РМ“ бр.5/13):
- Правилник за изменување на правилникот за формата и содржината на барањето за добивање на дозвола за преработка, третман и / или за складирање на отпад, формата и содржината на дозволата како и минималните технички услови за

вршење на дејноста преработка, третман и / или за складирање на отпад („Сл.весник на РМ“ бр. 9/13);

- Исправка на Упатството за изменување и дополнување на начинот на вршење на платниот промет со странство „Сл.весник на РМ“ бр. 9/13):-
- Наредба за извршување на ветеринарни мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животните или производите од животинско потекло во 2013 година )„Сл.весник на РМ“ бр. 9/13);
- Закон за изменување и дополнување на Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај„Сл.весник на РМ“ бр.13/13);
- Одлука за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно методологијата („Сл.весник на РМ“ бр.16/13);
- Програма за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2013 година („Сл.весник на РМ“ бр.17/13);
- Правилник за информациите и податоците што се доставуваат во прилог на нотификацијата за извоз на ГМО или ГМО производ и нивните карактеристики („Сл.весник на РМ“ бр.18/13);
- Правилник за идентификација и регистрација на домашните миленици („Сл.весник на РМ“ бр.18/13)
- Одлука за утврдување на висината на средствата од делот на акцизата од деривати на нафта („Сл.весник на РМ“ бр.22/13);
- Одлука за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно методологијата („Сл.весник на РМ“ бр.22/13);
- Закон за договорите за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр.23/13);
- Закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РМ“ бр.23/13);
- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит, начинот и постапката на вршење проверка и преглед на пратки со нуспроизводи од животинско потекло („Сл.весник на РМ“ бр.25/13);
- Наредба за извршување на ветеринарни мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животните или производите од животинско потекло во 2013 година („Сл.весник на РМ“ бр.27/13);
- Закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за отварање заеднички граничен премин Ѕепиште – Требиште ( „Сл.весник на РМ“ бр.27/13);
- Одлука за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно методологијата („Сл.весник на РМ“ бр.28/13);
- Решение за утврдување на посебни услови за увоз на одредени прехрамбени производи поради ризик од афлатоксини („Сл.весник на РМ“ бр.30/13);
- Декларации, заеднички позиции и демарши на ЕУ кон кои се придружува / прифаќа Република Макеоднија на покана на ЕУ („Сл.весник на РМ“ бр.32/13);
- Одлука за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно методологијата („Сл.весник на РМ“ бр.38/13);
- Одлука за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно методологијата („Сл.весник на РМ“ бр.45/13);
- Решение за изменување на решението за зголемено ниво на официјални контроли на храна за животни и храна од неживотинско потекло при увоз во Република Македонија ( „Сл.весник на РМ“ бр.48/13).

Исполнувањето на сите услови во областа на Царинската унија, како услов на пристапување кон ЕУ, се постојана и главна агенда на Царинската управа. Активностите се насочени кон перманентно усогласување и примена на царинското законодавство на ЕУ во Република Македонија, исполнување на техничките и усогласување организациските барања, развој на административниот капацитет, како и проширување на јавна свест за начинот и филозофијата на функционирањето на Царинската унија, а посебно транзитот.

## *Усогласување со царинското законодавство на ЕУ*

Во март 2013 година е подготвен Нацрт **Предлог закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон.** Покрај измените и дополувањата од национален карактер, истиот содржи предлози со кои се прецизираат условите за спроведување на заедничката транзитна постапка согласно Конвенцијата за заедничка транзитна постапка, допрецизирање на одредени одредби со цел изедначување на употребата на вообичаената терминологија која се користи во Царинскиот законик на Заедницата, подготвени во соработка со експертите од проектот „Подршка во управувањето за воведување на Новиот комјутеризиран транзитен систем (НКТС)“.

Во март 2013 година Царинската управа поднесе **Предлог за дополнување на Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европската заедница за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура**.

## *Поврзување со царинските информатички системи на ЕУ*

### *Имплементација на НКТС*

**Во 2013 година продолжија активностите за изработка на систем за поврзување со царинските информатички системи на ЕУ (НКТС).** Регулаторната рамка е генерално поставена, подготвени се измени и дополнувања на законски и подзаконски акти, кои се во постапка на усвојување или чекаат на воспоставување услови за примена, а спроведени се обуки и за царинските службеници и за економските оператори. Во однос на функционалната апликација НКТС, истата, до крајот на март 2013 година, не беше испорачана и сеуште претставува отворено прашање.

Во текот на јануари и февруари 2013 година се одржаа обуки за користење на Microsoft производи, за имплементација на CISCO технологијата во Царинска управа, како и за NCTS Хелп деск, наменети за вработените во Секторот за информатички и комуникациски теххнологии (Сектор за ИКТ).

### *Пристапување кон интегрираната тарифна околина на ЕУ (ITE)*

Во текот на првиот квартал 2013 година, главните активности на проектот за пристапување кон ITE беа насочени кон подготовка и анализа на деталните функционални спецификации на системите и модулите во апликацијата., како и на

интерконекцијата на системот со останатите ИКТ системи на Царинската управа. На крајот на јануари 2013 година е инсталиран прототип на модулот за ТАРИК, кој е со функција за првично запознавање со функционалностите и употребата на еден од најважните делови на апликацијата. Во текот на февруари главен приоритет беа активностите за интерконекција помеѓу ITE и СОЦДАД, подготовка на детална техничка спецификација за набавка на хардвер за проектот, ревизија на протипот на ТАРИК3 модулот и ревизија на функционалните спецификации. Во текот на март 2013 беше остварена и студиска посета на членови на работната група за ITE во Вилнус, Република Литванија, со цел запознавање со искуствата кои ги има Литванската царина во врска со проектирањето, имплементацијата и користењето на ITE системот.

# *Развој на административниот капацитет согласно ЕУ стандардите*

## *Програма на ЕУ Царина 2013*

Во првиот квартал од 2013 година Царинската управа учествуваше на следните настани организирани во рамки на Програмата на ЕУ Царина 2013:

- **Работилница за јакнење на капацитетите за управување со човечки ресурси** и обуки во земји со кандидатски статус за членство во ЕУ, одржана во **Венеција, јануари 2013 година;**
- **Семинар на високо ниво – предизвици на државите кандидати за членство во ЕУ во областа царината** (март 2013 година**,** Дубровник, Хрватска**), со посебен акцент** во областа на јакнење на административниот капацитет и управување со промени, продлабочување на царинската соработка и партерството со економските оператори, како и развој на модерни електронски системи и постапки со цел олеснување на трговијата и зајакнување на надворешните граници.

## *Инструмент за техничка помош за размена на информации на Европската Комисија - TAIEX*

Во периодот од 21 до 23 март 2013 година **во Љубљана се реализираше студиска посета со цел размена на искуства во спроведување на царинска постапка во поштенски сообраќај.** На студиската посета учествуваа 3 цариснки службеници од Царинската управа на Република Македонија кои стекнатите знаења и искуства ќе ги применат при подготовка на националните законски и подзаконски акти, во согласност со меѓународната и европска регулатива за оваа област.

Во март 2013 година Царинската управа, во соработка со Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) реализираше **меѓународна работилница** на тема „Заштита на пријавителите (Whistleblowers protection) – регулатива, практика и предизвици“. Целта на работилницата беше запознавање со правната дефиниција и опсег на терминот „свиркачи“ - состојба во Британија, обезбедена заштита на свиркачите, содржина и обем на информации кои се пренесуваат од страна на

свиркачите, заштита на истите во согласност со законот, тековна состојба и следни чекори за воведување на системот на заштита на свиркачи во Македонија, дилеми и отворени прашања, односот меѓу надлежните институции и свиркачите и дискусија за институционална рамка за да се обезбеди безбедна, брза и ефективна истрага на поднесените пријави од свиркачите.

## *CEFTA*[1]

**На почетокот на 2013 година Царинската управа на Република Македонија го преземе претседателството со Поткомитетот за царина и правила за потекло во рамки на CEFTA.** Приоритетите на Програмата на Поткомитетот за царини и правила за потекло за 2013 години се обезбедување на ефикасна и усогласена примена на протоколите за потекло од Договорот ЦЕФТА 2006 и поедноставување на царинските постапки и намалување на формалностите кои се однесуваат на трговијата, а со цел олеснување на трговијата. Основни цели кои се очекува да се постигнат за време на претседателството на Република Македонија, согласно Програмата за работа на Поткомитетот во 2013 година се:

- да се обезбеди целосна усогласеност на сите ЦЕФТА страни со принципите на слободна трговија на ЕУ, СЦО и Светската трговска организација;
- да се олесни регионалната трговија преку унапредување и зголемување на употребата на управување со ризикот во царинските и другите гранични органи, во доволна мера, со цел поедноставување на царинските и други формалности поврзани со трговијата;
- да се зајакне капацитетот во непреченото функционирање на дијагоналната кумулација помеѓу договрните страните на ЦЕФТА и други приоритетни области на нивните царински органи.

## *Царински упатства (Customs Bluprints) на Европската Комисија*

**Во овој период Комитетот за усогласување и следење на исполнувањето на препораките од царинските упатства (блупринти) на Европската комисија работеа на прифаќање на препораките од упатствата (блупринтите) и нивно вградување во националното царинско законодавство.** Врз основа на проверка на Царинскиот закон со цел идентификација на недоследности во однос на Царинскиот закон на ЕУ, изготвен е предлог за изменување и дополнување на Царинскиот закон со кој се врши понатамошно услогасување на одредбите од Царинскиот закон со ЕУ одредбите, пред сѐ во делот на спроведување на транзитната постапка и надоместоци за трошоци за анализа на земени мостри.

---

[1] CEFTA – Central Euroepan Free Trade Agreement

# ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА

## *Основи*

Заклучно со првиот квартал 2013 година во Царинската управа беа вработени 1.159 лица, што е за 8 помалку во однос на 2012 година и за 25 лица помалку во однос на 2011 година. Основна причина за намалувањето на бројот на вработени е заминувањето во пензија, како и раскинувањето на работниот однос поради разни причини. Од вкупниот број вработени, 1030 имаа статус на царински службеници согласно Законот за Царинската управа, 12 имаа статус на државни службенци согласно Законот за државните службеници и 115 имаа статус на работници согласно Законот за работните односи. Во однос на стручната подготовка, 10 вработени се магистри, 579 вработени имаат високо образование, 23 вработени имаат вишо образование, 517 вработени имаат средно образование и 30 вработени имаат образование од друг вид. Над 50% од вкупниот број вработени во Царинска управа имаат високо образование.

**БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО ЦАРИНСКА УПРАВА**

| | **Организациона единица** | **31.12. 2012** | **31.03. 2013** |
|---|---|---|---|
| 1 | Кабинет на генерален директор | 7 | 7 |
| 2 | Одделение за меѓународна соработка | 4 | 5 |
| 3 | Одделение за внатрешна ревизија | 4 | 4 |
| 4 | Одделение за управна постапка | 18 | 18 |
| 5 | Одделение за одлучување по прекршоци | 20 | 20 |
| 6 | Сектор за управување со човечки ресурси | 18 | 18 |
| 7 | Сектор за административни и технички работи | 201 | 187 |
| 8 | Сектор за ІКТ | 25 | 25 |
| 9 | Сектор за сметководство и финансии | 42 | 41 |
| 10 | Сектор за професионална одговорност | 15 | 15 |
| 11 | Сектор за Царински систем | 40 | 41 |
| 12 | Сектор за контрола и истраги | 103 | 102 |
| 13 | Регионална Царинарница Скопје | 229 | 235 |
| 14 | Регионална Царинарница Битола | 121 | 119 |
| 15 | Регионална Царинарница Гвгелија | 134 | 135 |
| 16 | Регионална Царинарница Куманово | 131 | 131 |
| 17 | Регионална Царинарница Штип | 55 | 56 |
| | **Вкупно** | **1,167** | **1,159** |

На почетокот на 2013 Царинската управа донесе ревидирана **Стратегија за управување со човечки ресурси 2013-2015 година.** Со Стратегијата се утврдува целта на управувањето со човечките ресурси, основните принципи и политиките за управување со човечките ресурси, како и стратешките активности за периодот 2013 - 2015 година. Унапредувањето на капацитетот за управување со човечките ресурси (вработување, распоредување, обуки и стручно оспособување, надградување и остварување кариера, механизми за мерење на учинок и механизми на професионална одговорност на вработените, продуцираат стручни, ефикасни и компетенти вработени за реализирање на мисијата, визијата и целите на Царинската управа. извршува мисијата, визијата и навремено и законито во постапки кои ги поедноставува и забрзува.

Во првиот квартал од 2013 година **Комитетот за развој на институционалниот и административниот капацитет одржа 2 состаноци** на кои, меѓу другите, ги донесе следните насоки:

- Подготовка на пречистен текст на клучните закони и подзаконски акти, што се однесуваат на работата на Царинската управа (Царински закон, Закон за Царинска управа, Закон за царинска тарифа, Уредба за спроведување на царинскиот закон, Правилник за шифрите и начинот на пополнување на ЕЦД, Закон за акцизи);

- Имплементирање на пепораките на СЦО кои се однесуваат на задолжителните единечни мерки, заштита на озонската обвивка, спречување на криумчарење на дрога и хемикалии;
- Подготовка и објава на најчесто поставувани прашања на интранет порталот за софтверските апликации на Царинската управа;
- Промовирање на електронската база на податоци за заштита на права од интелектуална сопственост;
- Ревидирање и дополнување на Поимникот на царински термини со цел истиот да служи како основа за натамошен развој на законските и подзаконските акти.

## *Вработување*

На почетокот на 2013 година Царинската управа донес **Програма за вработување** и **План за вработување за 2013 година.** Со Програмата се обезбедува извршители со одредено академско и професионално знаење и способности да засноваат работен однос во Царинската управа. Со континурано регрутирање на нов кадар се зголемува ефективноста и ефикасноста во остварување на надлежностите на Царинската управа. Реализацијата на Програма е поддржана со **План за вработување** во кој табеларно се прикажани 16 работни места, со видот на образованието и другите услови за работното место за вработените кои во текот на 2013 година ќе остварат право на пензија.

Покрај Програмата, Царинската управа во овој период подготви и нова **Процедура за спроведување на интерен оглас за пополнување на слободно работно место**, согласно со барањата на стандардот ИСО 9001:2008. Со Процедурата прецизно е опишана процедурата за интерен оглас за пополнување на слободно работно место преку 13 чекори и 18 обрасци поврзани со чекорите од процедурата.

Царинската управа во овој период подготви и ново **Упатство за формата и содржината на персоналните досиеја на вработените во Царинската управа и начинот на нивното водење** согласно со стандардот ИСО 9001:2008. Со ова Упатство се овозможува на единствен начин да се водат персоналните досиеја на вработените во Царинската управа, а со цел да се има точна и достапна информација во секое време за секој вработен во Царинската управа.

Во јануари 2013 година е донесено **Упатство за постапката за издавање на решение за утврдување на правото на надоместокот за закупнина на стан**, со кое се пропишува постапката за утврдување на правото на надоместок за закупнина на стан. Правото на надомест за закупнина на стан е право од работен однос уредено со Законот за Царинската управа и Правилникот за висината на надоместокот за закупнина и начинот на обезбедување на стан под закуп.

## *Обуки и стручно оспособување*

На почетокот на 2013 година Царинската управа донесе ревидирана **Стратегија за обуки и стручно оспособување и усовршување на царинските службеници** 2013 – 2015. Со оваа Стратегија се утврдуваат приоритетите, целите, активностите,

придобивките, улогите и одговорностите на учесниците во процесот на обуки преку кои ќе се развие одржлив и стабилен систем на обука кој ќе придонесе за развивање на култура на постојано учење. Истовремено е донесен и **Годишен план за обуки и стручно оспособување и усовршување за 2013 година** со кои се утврдуваат темите и методите за стручното оспособување и усовршување на царинските службеници, како и приоритети со временски распоред на изведување. Целта на овој план е навремено превземање на неопходните активности и обезбедување на ресурси за ефикасно стручно оспособување и усовршување на царинските службеници. Подготвен е и **Каталог на обуки за стручно оспособување и усовршување,** кој има за цел да им помогне на раководителите во донесувањето на правилна одлука за видот на обуката која е потребно да ја посетуваат вработените. и планирање на ресурсите. Подготвено е **Упатството за практикантска работа** со кое ќе се овозможи унапредување на квалитетот на практикантската работа преку зголемување на времетраењето на истата и селекција на студентите кои ќе остваруваат практикантска работа во Царинската управа.

На почетокот на 2013 година е донесена **Стратегија на Регионалниот тренинг центар на Светската царинска организација во Скопје 2013-2015** со која ќе се овоможи континуирано учење, размена на знаења, информации на царинските службеници од царинските администрации од регионот и бизнис заедницата од регинот. Приоритетите во Стратегијата се **обезбедување на специјализирани обуки** и **олеснување на трговијата.** Конкретните активности за реализација на Стратегијата се пренесени во **Акционен план**, како нејзин составен дел.

## *Реализирани обуки и стручни оспособувања*

Во првиот квартал од 2013 година се одржани **111** настани во вид на обуки, презентации работилници, семинари и студиски посети. На нив присуствувале вкупно **959** учесници од Царинската управа. Во просек секој од учесниците просечно има добиено по околу **17,5** часа обука, додека секој вработен просечно има добиено околу **5** часа обука и стручно оспособување.

**РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ ВО 2013 ГОДИНА**

| Опис | I | II | III | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Број на активности | 16 | 56 | 39 | 111 |
| Број на учесници | 220 | 437 | 302 | 959 |
| Просечен бр.часови по учесник | 4 | 4 | 9.6 | 17.5 |
| Просечен бр.часови по вработен | 1 | 1.5 | 2.5 | 5 |

Царинската управа во првиот квартал 2013 година **издаде 22 уверенија за положен стручен испит,** од кои, на 11 царински службеници со високо образование, на 7 унапредени царински службеници и на 4 царински службеници со средно образование. Овие царински службеници во текот на 2012 година поминаа обука на работно место (менторство), основна обука за царински надлежности.



*Обука за користење на Microsoft Excel*

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Во овој квартал започна **основна обука** за нововработени и унапредени царински службеници. Во овој циклус на основна обука ќе бидат обучени 13 царински службеници со високо образование, 19 царински службеници со средно образование и 1 унапреден царински службеник.

Со **Програмата за обуки и стручно оспособување** за 2013 година предвидени се 45 активности на годишно ниво во вид на обуки, курсеви за електронско учење и презентации, од кои во првиот квартал 2013 година се реализирани 9 (20% реализација). Обуките во Програмата се поделени на 5 групи и нивната поединечна реализација по групи до крајот на првиот квартал 2013 година е следна:

- Олеснување и забрзување на трговијата – предвидени 14 во текот на годината, реализирани 5;
- Контрола на примената на законите – (предвидени 21 во текот на годината, реализирани 2);
- Човечки ресурси – предвидени 4 во текот на годината, реализирани нема);
- Организација на работа – (предвидени 4 во текот на годината, реализирани 2 и
- Логистичка поддршка – предвидени 2 во текот на годината, реализирани нема.

Меѓу другите, во првиот квартал од оваа година се одржаа и следните обуки:

- Обука на **внатрешните ревизори во јавниот сектор** (основи на ревизија) во организација на Министерството за финансии. На обуката 3 царински службеници се обучуваа за првиот меѓународен модул – Основи за внатрешна ревизија;
- Обуки за **Апликацијата за постапки со економски ефект** на која се презентираа функционалноста на апликацијата и начинот на користење. На обуките **учествуваа 57 царински службеници.** Оваа обука се одржа и **за надворешни корисници** (економски оператори), на кои учествуваа 172 претставници на економски оператори - корисници на апликацијата;
- Преку **Програмата Hercule II** на Царинската управа на Италија се одржаа 2 работилници за **Национална легислатива за цигари во балканскиот регион Италија и Турција**. Преку овие работилници се разменија најдобрите пракси и искуства во спречувањето на овој вид нелегална трговија;
- **Обука за Технички барања и надзор на пазарот за апарати за домаќинство** во организација на Проект ИПА 2011 и Министерството за економија во Офенбах, Германија, на која учествуваше еден царински службеник. За стеканита знаења и искуства од оваа обука царинскиот службеник одржа презентација на 20 царински службеници;
- **Обука за Користење на системот SEED (Systematic Electronic Excange of Data) во рамките на Проектот SEED.** На оваа обука, која се одржа во 6 термини, **учествуваа 34 царински службеници** кои се запознаа со функционалностите и начинот на работа со апликацијата, како и со начинот на размена на податоци со SIM апликацијата;
- **Презентација за проектот ITE - Интегрирана тарифна околина во соработка** со Проектот за имплементација на ITE. На презентацијата **учествуваа 12 учесници** кои се запознаа со деталната функционална спецификација на модулите. Како продолжување на активностите од овој проект во првиот квартал се одржаа 9 обуки за **Функционалност на апликација за ТАРИМ** модулот. Овие обуки ќе бидат продолжени во наредниот период додека трае имплементацијата на

проектот. Во врска со овој проект во овој период се реализираше **Студиска посета** за запознавање со ITE во организација на Проект за подршка во имплементација на ITE;

- **Основна обука за препознавање на стоки за двојна намена и управување со ризик** во организација на Федерална канцеларија за економија и контрола на извоз на Германија (BAFA) и Царинска управа на Холандија, на која **учествуваа 2 царински службеници.** На обуката царинските службеници се стекнаа со знаења за стоките наведени во Анекс 1 на листата на ЕУ на стоките за двојна намена и технологија;
- Во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители во Скопје започна нов циклус на напредни **обуки за примена на новиот Закон за кривична постапка**. Овие обуки претставуваат продолжување на циклусот на основни обуки спроведен во 2011 и 2012 година. Овој циклус од специјализирани обуки се состои од 5 модули по кои ќе бидат одржани 32 обуки. Во првиот квартал беше одржана една обука на тема Предистражна постапка на која учествуваше еден царински службеник кој се запозна со начинот на водење на предистражна постапка, како и со улогите на секој од учесниците во овој процес;
- Во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, а во рамите на проектот „Проддршка на реформата на јавната администрација“ финансиран од Британската амбасада, беше одржана **обука за воведување и примена на системот на управување темелен на компетенции** на која учествуваа 2 царински службеници;
- Обука за **системот за микроучење** во организација на Министерството за информатичко опшество и администрација на која учествуваа 2 царински службеници. Целта на обуката беше претставување на системот за микроучење како нова алатка за спроведување на обука на работното место, оспособување на вработените во организационите единици за човечки ресурси за презентирање на новиот систем на вработените во нивните институции, ставање на располагање на новата технологија на институциите од централната власт за спроведување генерички, но и специјалозорани обуки од нивниот домен на работа.
- Во соработка со **Амбасадата на САД и Програмата EXBS** беше организирана обука на тема **„Откривање радијација“, на која** учествуваа 9 царински службеници. Обуката имаше за цел унапредување на способноста на царинските службеници за откривање и давање одговор за случаи со радиоактивни материјали при контролирање на границите, постапување и спречување на недозволена трговија со нуклеарни и радиолошки материјали, како и постапување во случај на откриена радијација на границата.



*Обука за откривање на радијација Програма EXBS*

Посетеноста на поставените **курсеви за електронско учење** во изминатиот период е следна:

- Единствено одобрение за поедноставени постапки во траење од 4 часа до сега го следеле 245 учесници,
- Единствен идентификационен број на економските оператори (EORI) во траење од 30 минути до сега го следеле 189 учесници,
- Контрола на прекурзори во траење од 3 часа до сега го следеле 244 учесници и
- Преглед на контејнери во траење од 4 часа до сега го следеле 350 учесници.

Преку системот за **видеоконференциско учење** се одржани **8 обуки** и **еден состанок** на кои учествуваа вкупно **325 царински службеници**. Најголем дел од овие обуки беа за запознавање со одредбите од новите упатства, процедури и работни процеси во еДМС согласно кои вработените да постапуваат и тоа:

- Упатство за изглед и структура на документацијата во Царинската управа согласно барањата на стандардот за менаџмент со квалитет ИСО 9001:2008;
- Процедура за депозитар на документација;
- Упатството за начинот на формирање и следење на работата на работните тела
- Употреба на еДМС во врска со извештаите во управна постапка и
- Употреба на еДМС за процесите во врска со прекршочната постапка.

## *Интегритет*

Во првиод квартал од 2013 година се спроведени **29 внатрешни истраги** врз основа на редовни и вонредни контроли и примени информации и поплаки од физички и правни лица. Притоа, во 12 случаи се утврдени основани сомневања дека царинските службеници работеле спротивно на законските одредби, подзаконските акти, упатствата, правилата за ред и дисциплина и Кодексот на однесување на царинските службеници. Истовремено се **спроведени 15 внатрешни инспекции** врз чија основа се преземени активности за отстранување на неправилностите и поведување на постапки за утврдување на одговорност за сторителите.

**БРОЈ НА СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИСТРАГИ ПО ОРГАНИЗАЦИОНИ ДЕЛОВИ**

| Организационен дел | I | II | III | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Централна управа | 5 | 4 | 4 | 13 |
| Регионална Царинарница Скопје | 1 | 4 | 4 | 9 |
| Регионална Царинарница Куманово | 1 | 1 | 1 | 3 |
| Регионална Царинарница Штип | | 1 | 1 | 2 |
| Регионална Царинарница Гевгелија | 1 | | | 1 |
| РегионалнаЦаринарница Битола | 1 | | | 1 |
| **Вкупно** | **9** | **10** | **10** | **29** |

**СПРОВЕДЕНИ ВНАТРЕШНИ ИНСПЕКЦИИ ВО 2013**

| Организационен дел | I | II | III | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Централна управа | 3 | | 2 | 5 |
| Регионална Царинарница Скопје | 3 | 3 | 4 | 10 |
| Регионална Царинарница Куманово | | | | 0 |
| Регионална Царинарница Штип | | | | 0 |
| Регионална Царинарница Гевгелија | | | | 0 |
| РегионалнаЦаринарница Битола | | | | 0 |
| **Вкупно** | **6** | **3** | **6** | **15** |

Во овој период, преку отворената царинска телефонска линија (197) беа **примени 15 поплаки.** Од вкупно поднесените поплаки, во 3 случаи се изготвени извештаи, а во 2 случаи во тек е утврдување на фактичката состојба. Останатите поплаки беа разгледани, меѓутоа по однос на истите не можеше да се постапува од причина што не содржеа доволно

проверливи податоци за сторена злоупотреба на службените обврски, за корутивно однесување на вработен или за сериозно кршење на правилата за ред и дисциплина.

Во овој квартал се донесени 16 решенија за утврдување на основната плата во намален износ од 15%, поради неостварени просечни односно очекувани резултати од работата, 7 решенија за отказ на договорот за вработување за царински службеници, 4 решенија за изречени парични казни, едно решение за суспендирање, односно отстранување на работникот од работното место.

| ДОНЕСЕНИ ДИСЦИПЛИНСКИ И ДРУГИ МЕРКИ ВО 2013 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Видови на мерки** | **I** | **II** | **III** | **Вкупно** |
| Опомени | | | / | / |
| Намалување на платата | 4 | 2 | 10 | 16 |
| Парична казна | / | 3 | 1 | 4 |
| Раскинување на работен однос | 3 | 3 | 1 | 7 |
| Кривична пријава-вработени | / | / | / | / |
| Отстранување од работно место | / | / | 1 | 1 |
| **Вкупно** | **7** | **8** | **13** | **28** |

Во текот на првиот квартал на 2013 година во Одделението за интегритет е **регистрирано поднесување на 40 анкетни листови и 21 изјави за промена на имотната состојба**. **Доставени се 6 изјави за судир на интереси**.

Во овој квартал е подготвена **нова Процедура за спроведување постапка за утврдување на дисциплинска одговорност поради кршење на работниот ред и дисциплина согласно барањата на стандардот ИСО 9001:2008.** Оваа процедура е наменета за вработените во спроведувањето на дисциплината во својство на предлагачи за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, вработените за кои е поведен предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност, вработените од Секторот за управување со човечки ресурси, претставниците на Самостојниот синдикат на Царинската управа и Секторот за професионална одговорност.

## *Мерење на успешноста*

Во периодот јануари -март 2013 година се **извршени 5 ревизии**. Врз основа на извршените ревизии се утврдени 21 наод и до надлежните организациони единици се предложени 23 препораки за подобрување на работењето.

## *Наградување и унапредување*

Во март 2013 година е донесен нов **Правилник за системот на наградување на царинските службеници** („Сл.весник на РМ“ бр.40/13). Со овој Правилник се пропишува системот за наградување на царинските службеници, во кој се вклучува видот на наградите, критериумите и постапката за нивното доделување. Како видови на награди се предвидени: јубилејна награда, бонус, парична награда и признанија во вид на плакета и пофалница.

# НАДЛЕЖНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИЈА

## *Основи*

На почетокот на 2013 година Царинската управа донесе ревидиран **Стратешки план на 2013-2015 година.** Со Стратешкиот план се утврдени мисијата, визијата, вредностите, стратешките приоритети, целите и начинот на остварување на приоритетите со одредување на потребните активности, за периодот 2013 - 2015 година. Основа за донесување на овој Стратешки план се активностите од претходниот период со кои Царинската управа се реформираше во препознатлива професионална служба, способна да ги поддржува и олеснува економските активности и да го контролира применувањето на законите, како и да учествува во пристапните преговори за членство на Република Македонија во ЕУ. Истовремено, Царинската управа донесе и **Акционен план за период 2013 - 2015** година**.** Во него се определени активностите, носителите на активностите со рокови за нивна реализација и потребните ресурси за нивно остварување. Секоја активност од Акциониот план е поврзана со одредена цел која придонесува за остварување на стратешките приоритети.

Согласно барањата на стандардот за квалитет ISO 9001:2008, во првиот квартал од оваа година беа донесени следните упатства и други интерни акти од организациски и логистичка аспекти:

- **Процедура за управување со интерна документација**, која обезбедува соодветност на интерните документи пред нивното издавање, преиспитување и ажурирање, ако е потребно и повторно одобрување на документите, идентификување на измените и важечкиот статус на изданието, осигурување на расположливоста на важечкото издание на секое место каде се користи документацијата, спречување на несакана употреба на неважечки интерни документи и овозможување на нивна соодветна идентификација ако се задржани од било која причина.
- **Процедура за управување со записи,** која има за цел да обезбеди ефективно функционирање на системот за управување со квалитет. Во процедурата е дефиниран начинот на креирање и идентификување, дистрибуција, чување, заштита, пребарување и уништување на записите.
- **Второ издание на Процедура за депозитар на документација** (донесена во декември 2012)**,** со која се пропишува соодветноста на изгледот и структурата на интерните документи пред нивното издавање, идентификување на измените и важечкиот статус на изданието, осигурување на расположливоста на важечкото издание на секое место каде се користи документацијата, спречување на несакана употреба на неважечка документација и овозможување на нивна соодветна идентификација ако се задржани од било која причина.
- **Второ издание на Упатство за изглед и структура на документацијата** со кое се уредува изгледот и структурата на документацијата во Царинската управа (донесено во декември 2012), согласно барањата на стандардот за менаџмент со квалитет ISO 9001:2008.

**Комитетот за управување со животен циклус на апликации и ИКТ системи** во овој период одржа 4 состаноци при што донесе 29 задолженија кои се однесуваат на унапредување на работата на постоечките апликации и воведување на нови извештаи со кои се подобрува можноста за следење и анализа на проблематиката која ја

обработуваат апликациите. Исто така, дел од задолженијата се однесуваат и на подготовка на кориснички упатства и прирачници наменети за крајните корисници на апликациите со цел полесно користење на истите. Од овие задолженија реализирани се 17, а во тек на реализација се 8 задолженија. Во овој период до Комитетот поднесени се 4 предлог проектни документи кои се однесуваат на развој на нови или надградби на постоечки апликации.

## *Административни постапки*

Во текот на перидот јануари- март 2013 година **Електронскиот систем за управување со документи (ЕДМС)** беше користен од страна на 1.150 корисници од Царинската управа при што се остварени **74.851 пристапи** во системот и се **креирани 16.756 нови предмети.**

## *Безбедност и комуникација*

Видеоконференцискиот систем на Царинската управа е можност за видеоконференциско присуство на функционерите на органите на државна управа на седниците на Комисијата за економски систем и на седниците на Владата на Република Македонија. Во системот се **вклучени 200 корисници од органите на државната управа**, кои во текот на првиот квартал од 2013 година реализираа **838 видеоконференциски присуства на седниците на Комисијата за економски систем и на Владата на Република Македонија.** Во рамки на Царинската управа во системот се вклучени 50 корисници кои во текот на овој период остварија 771 видеоконференцски повици.

## *ИКТ поддршка*

Во 2013 година продолжија активностите за сертифицирање на **МАКЦИС – Информациски систем на Царинската управа**. Дел од МАКЦИС е системот ASYCUDA е наменет за процесирање на царински декларации. Бројот на **корисници** на крајот на првиот квартал на 2013 година изнесува над **2.100**, кои оствариле над **600 илјади пристапи** до системот и обработиле **220,5 илјади декларации**.

На крајот на март 2013 година во Царинската управа во функција беа **43 апликации**, поддржани со масовна хардверска и комуникациска опрема. Нивното користење е уредено со упатства, прирачници и стандардни оперативни процедури. За секоја апликација се назначени функционални проект менаџери и ИКТ инженери одговорни за техничка поддршка. Просечната **достапност на ИКТ системите и апликациите изнесуваше 99,83**%.

**КОРИСТЕЊЕ НА СОФТВЕРСКИ АПЛИКАЦИИ ВО 2013**

| | **Назив на апликацијата** | Јануари | | Февруари | | Март | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | Бр.на корис. | Бр. на пристап | бр.на пристап |
| 1 | ASYCUDA - Систем за обработка на царински декларации | 2,156 | 198,763 | 2,177 | 201,234 | 2,192 | 200,534 | 600,531 |
| 2 | EXIM - Електронски систем за издавање на увозни и извозни дозволи | 3,660 | 5,351 | 3,734 | 5,645 | 3,842 | 6,064 | 17,060 |
| 3 | EXIM - Електронски систем за тарифни квоти | 3,660 | 495 | 3,734 | 216 | 3,842 | 189 | 900 |
| 4 | EXIM - Електронски систем за транзитни дозволи | 657 | 8,415 | 663 | 2,758 | 662 | 3,577 | 14,750 |
| 5 | ЕДМС - Електронски систем за управување со документи | 1,161 | 25,372 | 1,160 | 24,356 | 1,150 | 25,123 | 74,851 |
| 6 | ПЕК - Портал за електронска комуникација со надворешни корисници | 352 | 1,302 | 355 | 1,221 | 362 | 1,680 | 4,203 |
| 7 | Интернет портал на Царинска управа | 14,602 | 137,163 | 13,466 | 135,685 | 13,178 | 127,839 | 400,687 |
| 8 | Интранет портал на Царинска управа | 1,161 | 12,516 | 1,160 | 9,879 | 1,150 | 10,125 | 32,520 |
| 9 | LUCA - Систем за управување со човечки ресурси и евиденција на финансиско и материјално работење | 115 | 6,042 | 116 | 6,078 | 117 | 4,935 | 17,055 |
| 10 | Систем за евиденција на дисциплински мерки | 22 | 5 | 22 | 4 | 22 | 2 | 11 |
| 11 | Национална база за царинска вредност | 1,161 | 75 | 1,160 | 79 | 1,150 | 52 | 206 |
| 12 | Царински форум | 1,161 | 23 | 1,160 | 28 | 1,150 | 21 | 72 |
| 13 | Разузнавачка база на податоци | 37 | 28 | 37 | 60 | 37 | | 88 |
| 14 | Разузнавачка база за евидентирање на предмети | 10 | 104 | 10 | 82 | 10 | 92 | 278 |
| 15 | TRACKER - Систем за евиденција на управувањето на стоки со двојна намена | 11 | 0 | 11 | 0 | 11 | 1 | 1 |
| 16 | ANPR- Следење на регистарски таблици | 30 | 130,651 | 30 | 83,006 | 30 | 115,370 | 329,027 |
| 17 | Систем за евиденција на кривични пријави | 8 | 9 | 8 | 9 | 8 | 4 | 22 |
| 18 | Систем за евиденција на заплени | 11 | 54 | 11 | 45 | 11 | 22 | 121 |
| 19 | CASE DB - База за менаџирање на податоци | 19 | 102 | 19 | 112 | 20 | 6 | 220 |
| 20 | Девизни контролници | 432 | 43 | 433 | 40 | 437 | 42 | 125 |
| 21 | CEMC- Систем за електронска размена на пораки во југоисточна европа | 204 | 76 | 203 | 115 | 203 | 97 | 288 |
| 22 | Систем за наплата | 703 | 19,876 | 698 | 21,003 | 696 | 19,923 | 60,802 |
| 23 | E- Lohn Систем за Размена на податоци со иматели на одобренија | 197 | 58 | 221 | 41 | 228 | 303 | 402 |
| 24 | Систем за следење на возила со GPS | 36 | 27 | 36 | 19 | 36 | 30 | 76 |
| 25 | Посебна евиденција за потребите на Одделение за разузнавање | 12 | 112 | 12 | 163 | 12 | 257 | 532 |
| 26 | Евиденција за прием на странки | 12 | 123 | 12 | 132 | 18 | 131 | 386 |
| 27 | Хелп деск | 5 | 301 | 5 | 321 | 5 | 340 | 962 |
| 28 | Евиденција на работно време | 1,161 | 63,705 | 1,160 | 63,709 | 1,150 | 59,595 | 187,009 |
| 29 | E-Learning | 466 | 7 | 466 | | 466 | 8 | 15 |
| 30 | Систем за евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за одобренија | 932 | 24 | 935 | 30 | 927 | 28 | 82 |
| 31 | Систем за евиденција на одложена наплата на царински долг - модул за гаранции | 12 | 200 | 12 | 105 | 12 | 162 | 467 |
| 32 | SEED 2 - Систем за размена на електронски податоци со соседни држави | 129 | 13,462 | 129 | 14,563 | 129 | 14,770 | 42,795 |
| 33 | СИМ - Систем за информирање на менаџментот | 670 | 4,400 | 673 | 4,154 | 681 | 3,705 | 12,259 |
| 34 | СИМ- модул за електронско издавање на ТИР сертификати | 670 | 138 | 673 | 123 | 681 | 155 | 416 |
| 35 | СИМ- модул анализа на ризик и резултати од извршени контроли | 670 | 5,018 | 673 | 3,241 | 681 | 1,878 | 10,137 |
| 36 | СИМ- модул обем на работа | 670 | 853 | 673 | 735 | 681 | 808 | 2,396 |
| 37 | СИМ- модул база на царински обврзници | 670 | 0 | 673 | 0 | 681 | 0 | 0 |
| 38 | СИМ- модул за акцизи | 670 | 529 | 673 | 479 | 681 | 487 | 1,495 |
| 39 | ЕДДА - електронски дневник на дневни активности | 670 | 777 | 673 | 758 | 681 | 757 | 2,292 |
| 40 | ЦЛО - Централна листа на осомничени | 670 | 24 | 673 | 31 | 681 | 31 | 86 |
| 41 | СИМ- модул надзор на пазарот | 670 | 25 | 673 | 21 | 681 | 25 | 71 |
| 42 | БОРДЕР - Електронски контролник за затворање на царински постапки | 932 | 53,235 | 935 | 54,236 | 937 | 50,509 | 157,980 |
| 43 | Систем за таргетирање на различн и профили и стоп листи | 932 | 145 | 935 | 178 | 937 | 258 | 581 |

## *Управување со финансиски и нефинансиски ресурси*

Во првиот квартал од 2013 година, согласно Упатството за подготвување и извршување на финансискиот план, планот за инвестиции и планот за набавки на Царинската управа, **подготвени се и донесени Финансискиот план, Планот за инвестиции и Планот за јавни набавки на Царинската управа за 2013 година**. Согласно Законот за јавна внатрешна финансика контрола **донесено е Решение за внатрешна распределба на буџетот на Царинската управа за 2013 година** и дадени се генерални овластувања за користење на истиот. Согласно Законот за буџети, изработени се и доставени до Министерството за финансии **Годишниот и квартален финансиски план за динамиката на трошењето на одобрениот буџет на Царинската управа за 2013 година.**

Согласно Законот за сметководство и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, спроведен е редовен попис на средствата и обврските за 2012 година, усогласени се побарувањата и обврските, изготвена е Годишна сметка за 2012 година и истата во рамки на законски утврдениот рок на 22.02.2013 година е доставена до институциите надлежни за нејзина анализа и контрола.

Во насока на санирање на настанатите штети од непогодните природни влијанија и поплавите, Царинската управа во првиот квартал за 2013 година **изврши сортирање на целата количина на облека и обувки по броеви и пол во вкупен износ од 1.,2 милиони денари** согласно Решението од Владата на Република Македонија, **која послужи како помош на лицата во настраданите подрачја од поплавите во Република Македонија.** Исто така согласно Решението на Владата на Република Македонија извршено е **бесплатно отстапување на 670 кгр восочна основа за пчели со вкупна вредност од 160 илјади денари преку Комисијата за верски заедници и религиозни групи за потребите на корисникот Манастирот Свети Јован Бигорски.**

Елаборирајќи разни актуелни прашања за состојбата со средствата и обврските на Царинската управа за првиот квартал за 2013 година, **Комисијата за управување со средства и обврските** ги донесе следните насоки и заклучоци за натамошна рационализација на трошоците и нивно приоретизирање. како и за потребата од спроведување на обука за раководителите на организационите единици во насока на уредно, комплетно и правилно пополнување и ажурирање на извештаите за евиденција на работно време, а со цел забрзување на процесот на реализација на проектот интеграција на системот за работно време со ЕРП системот модул на плати.

Во првиот квартал од 2013 година **Комитетот за поедноставување и забрзување на царинските постапки** одржа 3 состаноци од кои произлегоа неколку насоки и предлози за олеснување и забрзување на царинските постапки, од кои позначајно е **започнувањето на поедноставена постапка во една царинска испостава, а поднесување на дополнителна декларација во друга царинска испостава**.

## *Поедноставување на царинските и акцизните постапки*

Во март 2013 година Царинската управа донесе **Упатство за водење и ажурирање на електронската база на печати на странски царински органи, адреси на странски царински органи и модели на авторизациски броеви на странски одобрени извозници**, со кое се уредува начинот на кој се води и ажурира електронската база на отпечатени примероци на печатите кои се употребуваат за заверка на уверенијата за движење ЕУР.1 или ЕУР-МЕД од страна на странските царински органи, адреси на странските царински органи задолжени за верификација на доказите за потекло, како и модели на авторизациски броеви на странски одобрени извозници.

Во јануари 2013 година е донесено **Корисничко упатство за работа со Системот за интероперабилност**, преку кој органите на државна управа по службена должност и електронски едношалтерски пат треба обезбедуваат документи од други органи на државната управа за сметка на надворешните корисници. Системот има карактер на Пилот проект, кој е во тек на натамошен развој, во кој учествуваат Царинската управа, Централниот регистар, Управата за јавни приходи, Катастарот на недвижности, Фондот за здравствено осигурување и др. Во оваа фаза, Царинската управа го користи системот за добивање информации при издавањето царински и акцизни дозволи, преземањето мерки за наплата на даночни побарувања, контроли и истраги итн.

Во јануари 2013 година е донесен и **Прирачник за работа со модулот гаранции од Апликацијата за евиденција на одложена наплата на царински долг**. Овој модул овозможува генерирање на информации за опомени и активирање при задоцнет рок на плаќање на царински долг, 10 дена или со одобрение за одложено плаќање од 30 дена, соодветно.

Во првиот квартал 2013 година е **ревидиран Водичот за царинење на стоки за 2013 година**, дополнет со измените од Одлуката за форми на извоз и увоз на стоки (Сл.весник на Р.М бр.42/2013), и објавен е на веб страната на Царинската управа.

Во март 2013 година донесено е **Упатство за примена на царинската тарифа во царинска постапка** со кое се уредува постапката за правилна примена на царинската тарифа во процесот на царинење на стоки со цел правилно утврдување на царинскиот долг и примена на нетарифните мерки.

Исто така, во март 2013 година е донесено ново **Упатство за издавање на Задолжителна тарифна информација (ЗТИ)** со кое се уредува начинот на издавање, изменување и дополнување или одземање (поништување) на ЗТИ и нејзиното користење при царинење на предметната стока, со што се обезбедува правна гаранција на компаниите, а воедно и еднообразна примена на Царинската тарифа.

# ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

Со цел определување на начинот и постапката на давање на овластување на трговските друштва односно печатници, како и условите кои треба да се исполнат за печатење и дистрибуција на ЕУР обрасци, кои се користат за докажување на потекло на стоки, во март 2013 година донесено е ново **Упатство за начинот и постапката за овластување на печатници за печатење и дистрибуција на ЕУР обрасци.**

Во првиот квартал 2013 година Царинската управа донесе **Упатство за начинот и постапката за издавање на одобрение за одобрен извозник** со кое се уредува начинот и постапката за издавање одобрение за одобрен извозник во рамки на спогодбите/договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено со одредени земји или група на земји. Одобрението за одобрен извозник се применува за поедноставување на постапката за докажување на потеклото на стоките, и со неговот издавање на имателот му се овозможува да изготвува изјави во фактура како доказ за преференцијално потекло без разлика на вредноста на стоката за која се однесува изјавата.

Во март 2013 година, Царинската управа донесе ново **Упатство за издавање на одобрение за користење на методот на сметководствено раздвојување.** Со ова Упатство се уредува начинот и постапката за издавање одобрение за користење на методот на сметководствено раздвојување во рамки на спогодбите/договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено со одредени земји или група на земји. Со одобрување на користење на методот на сметководствено раздвојување на производителот му се овозможува непречено да ги користи залихите на материјали со потекло и материјали без потекло кои се идентични и заменливи, за производство на производи со македонско преференцијално потекло, во случај кога има значителни финансиски или материјални потешкотии при одвоено чување на овие залихи.

Со цел да се уреди начинот и постапката при издавање и употреба на задолжителна информација за потекло во постапката на извозно царинење**,** во овој квартал е подготвено **Упатство за издавање и употреба на задолжителна информација за потекло (ЗИП)**. Со издавање на ЗИП, на производителот на одредена стока му се овозможува да добие потврда за статусот на потекло на произведената стока со цел поедноставување на постапката на издавање или изготвување на доказите за потекло, обезбедување на правилна и еднообразна примена на правилата и соодветна правна гаранција за потеклото на стоката во периодот на важење на ЗИП.

Во март 2013 година е донесено ново **Упатство за прием на царинска декларација за транзит пред ставање на стоката на увид**. Во ова Упатство се вградени барањата на Советодавното тело кои се однесуваа на елиминирање на еден од досегашните критериуми за добивање на одобрение за поднесување на царинска декларација за транзит пред ставање на стоката на увид на царинскиот орган. односно одобрението да се издава само за еднородни стоки. Согласно Упатството, одобрение се добива со исполнување на само 2 критериуми: за стоката да не се предвидени посебни мерки на трговската политика и таа да не претставува стока со поголем ризик од измама. Новото упатство е усогласено со ISO стандардите.

Во март 2013 година Царинската управа донесе **Корисничкото упатство за работа со платформата на Светската царинска организација (СЦО) за заштитени трговски марки и повреда на права од интелектуална сопственост**. Апликацијата претставува средство за ефикасно препознавање на оригиналноста на производите, како и за ефективно откривање и докажување на фалсификувани трговски марки.

Во март 2013 година Царинската управа донесе подготви **Упатство за работа во апликацијата за национална база за царинска вредност во случаи кога апликацијата е недостапна,** со кое се уредува начинот на постапувањето и стандардните оперативни постапки за користењето на националната база на податоци за вредност во случаи кога апликацијата не е достапна за внесување на нови податоци при сериозен технички проблем или прекин во нејзиното функционирање.

**Во завршна фаза е подготовката на Упатство за уништување на стока, Упатство за примена на Законот за заштита на културното наследство,** ново Упатство за спроведување на царински мерки за заштита на права од интлектуална сопственост, Упатство за наплата на надоместокот на тутунски производи согласно Законот за здравствената заштита, Упатство за наплата на надоместок согласно Законот за тутун и тутунски производи, Упатство за користење на царинските документи со важност во цела Царинска управа, Упатство за користеење на царински документи со важност во цела Царинска управа, Упатство за вршење на контроли кај застапници во царинските постапки, Упатство за примена на територијалните услови согласно договорите/спогодбите за слободна трговија, Упатство за работа на координаторите на транзит и др.

## *Услови за спроведување на царинските формалности*

Во февруари 2013 година Царинската управа донесе ново **Упатство за минималните услови и начинот на определување на работниот простот каде стоката во товарни моторни возила се става на увид и се врши преглед од страна на царинскитте органи**, кое има за цел обезбеди подобри услови за забрзување на царинските постапки и подобрување на контролата, во вториот циклус на прибирање понуди.

**Од 01.03.2013 година на граничните премини Ќафасан (Албанија) и Табановце (Србија) започна да се спроведува постапка за увозно царинење, секој ден во неделата.** При увозното царинење можат да се царинат еднородни стоки, стоки кои се наменети само за еден увозник и се наоѓаат во едно превозно средство, лесно препознатливи стоки и стоки распоредени во еден тарифен број. Со отпочнувањето на увозното царинење на овие два гранични премини се заокружи целината од увозно-извозно царинење на граничните премини спрема сите соседни земји. Целта е натамошно забрзување на постапките за царинење на самите гранични премини, помало време на чекање во неработните денови и празниците, како и намалување на трошоците.

# *Е _ Царина*

## *Нов софтвер за обработка на царински декларации*

Во првиот квартал од 2013 година продолжија активностите за развој на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи **(СОЦДАД))**, започнат во мај 2012 година. Во наведениот период од страна на изведувачот беше испорачана документација за системските кориснички барања, бизнис процесите и софтверските спецификации, како и предлог спецификација на хардверски елементи планирани да се инсталираат за потребите на системот. Изведувачот презентираше прототип решенијата на соодветните модули од системот и извршено е тестирање на хардверската платформа наменета за системот. Исто така, во овој период започнаа подготвителните активности за тестирање на испораките од фаза 1, односно усогласување на стратегијата и спецификациите за тестирање. За потребите на развој на новиот СОЦДАД усогласени се ставовите околу поврзувавањето на овој систем со Системот за интегрирана тарифна околина (ITE) кој се развива во рамки на проектот ИПА 2009. Во завршна фаза е усогласувањето на начините за интеграција помеѓу соцдад со веќе постоечкиот Едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти (EXIM).

## *EXIM*

| СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА НА EXIM | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Опис | 2012 | 2013 | | |
| | | I | II | III |
| Број на инволвирани државни институции | 16 | 16 | 16 | 16 |
| Број на дозволи кои може да се добијат од EXIM | 62 | 62 | 62 | 62 |
| Број наекономски оператори корисници на EXIM | 3,540 | 3,608 | 3,720 | 3,847 |
| Издадени увозни, извозни и транзитни дозволи преку EXIM | 71,467 | 5,338 | 5,644 | 6,648 |
| Поднесени барања за тарифни квоти преку EXIM | 4,091 | 508 | 224 | 195 |
| Просечно време за добивање на дозвола преку EXIM | 1,5 часа | 2,3 ;asa | 1.8 часа | 3.2 часа |

Во првиот квартал 2013 година продолжија активностите од четвртата фаза за унапредување на EXIM, во рамките на кои е извршено т.н мапирање во сите дозволи каде што постои полето „Трговски опис“, овозможен е приказ на податоците од полето „Опис на тарифна ознака“ и извршени се унапредувања на соодветните прегледи и алатките за приказ на податоците. Креирани се посебни EXIM веб страници на органите корисници на кои се објавени содржини наменети за економските оператори, корисници на системот. На веб страницата на Царинската управа објавени се квартални извештаи за бројот на издадени дозволи и просечното време на издавање на дозволите преку EXIM.

На крајот од првиот квартал 2013 година, во EXIM беа **регистирани 3.847 економски оператори** – корисници на системот, кои преку 13 (од 16 регистирани) државни органи, во EXIM можеа да аплицираат за **62 различни видови увозни, извозни и транзитни дозволи** и тарифни квоти. Во овој период преку EXIM се **издадени 17.600 дозволи** (16.072 дозволи издадени истиот период 2012 година) и поднесени се 927 барања за тарифни квоти.

Најголем број од издадените дозволи се однесуваат на увоз на прехранбени производи (6 илјади), ветеринарни документи (3 илјади), потврди за органолептички преглед (2,9 илјади) , согласности за царинење на стока за општа употреба (1,8 илјади), лекови и медицински помагала (1,9 илјади). **Просечното време за добивање на овие дозволи изнесуваше околу 2,4 часа.**

| БРОЈ НА УВОЗНИ И ИЗВОЗНИ ДОЗВОЛИ ИЗДАДЕНИ ПРЕКУ EXIM | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Име на дозволата | 2012 | 2013 | | | |
| | | I | II | III | Вкупно |
| Одобрение за увоз на ветринарно медицински препарати | 145 | 12 | 18 | 11 | 41 |
| Документ за ветеринарна проверка на продукти за исхрана на животни при увоз | 432 | 41 | 35 | 46 | 122 |
| Ветеринарен влезен документ за живи животни | 609 | 31 | 39 | 45 | 115 |
| Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло | 12,893 | 997 | 844 | 1,050 | 2,891 |
| Согласност пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на територијата на РМ | 27,375 | 1,841 | 1,932 | 2,384 | 6,157 |
| Одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при увоз | 106 | 3 | 6 | 15 | 24 |
| Дозвола за извоз на прекурзори | 164 | 9 | 9 | 11 | 29 |
| Дозвола за извоз на опојни droги и психотропни супстанции | 524 | 24 | 45 | 51 | 120 |
| Дозвола за увоз на прекурсори | 220 | 19 | 19 | 26 | 64 |
| Одобрение за увоз на лекови | 3,226 | 239 | 307 | 349 | 895 |
| Одобрение за увоз на медицински помагала | 3,717 | 290 | 350 | 395 | 1,035 |
| Одобрение за увоз на опасни и други видови на хемикалии | 1,146 | 115 | 111 | 127 | 353 |
| Дозвола за увоз на опојни дроги и психотропни супстанции | 143 | 7 | 17 | 20 | 44 |
| Дозвола за транспорт/транзит на опасни материи | 907 | 77 | 105 | 111 | 293 |
| Согласност за царинење на предмети за општа употреба | 8,237 | 510 | 667 | 707 | 1,884 |
| Потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри | 9,464 | 923 | 929 | 1,067 | 2,919 |
| Одобрение за увоз на производи за заштита на растенијата | 140 | 27 | 41 | 32 | 100 |
| Уверение за извоз и изнесување на незаштитени културни добра | 266 | 70 | 25 | 32 | 127 |
| Други дозволи | 1,753 | 103 | 145 | 169 | 417 |
| **Вкупно:** | **71,467** | **5,338** | **5,644** | **6,648** | **17,630** |

## *Електронско управување со царински постапки со економски ефект*

Апликацијата за издавање одобренија за увоз за облагородување е надградена со финансиска поддршка од Светска банка, во 2012 година. Оваа апликација (насловена како **E-Lohn**) овозможува електронско аплицирање и добивање одобренија за сите видови на постапки со економски ефект и следење на раздолжувањето на постапката на увоз за облагородување преку размена на електронски пораки помеѓу имателите на одобренија и надзорниот царински орган.

Во март 2013 година Царинската управа донесе **Упатство за работа со електронскиот систем за царински постапки со економски ефект (E-Lohn)**, со кое се уредува начинот и постапката за прием и обработка на електронски барања на одобренија за увоз за облагородување (раздолжување на увозот со извоз), извоз за облагородување, привремен увоз, царинско складирање. Заедно со ова упатство, се применуваат и **Прирачник за користење на Електонскиот систем за царински постапки со економски ефект (E_Lohn)** и **Корисничкото упатство за надворешни**

**корисници за користење на Електронскиот систем за царински постапки со економски ефект (E_Lohn).** Со овој систем се овозможуваат следните придобивки за економските оператори:

- поднесување на документите исклучиво во електронска форма со што се остварува максимална заштеда во време и средства,
- автоматизирана контрола и проверка на поднесените документи,
- забрзување на постапката за обработка на поднесени документи,
- целосна транспарентност на постапката бидејќи во секој момент се има увид во која фаза е документот и
- автоматска споредба на податоците од поднесените документи со податоците во системот за обработка на царински декларации.

**КОРИСТЕЊЕ НА СИСТЕМОТ E_LOH**

| Опис | 2012 | 2013 | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | ? |
| **Број на корисници** | **197** | **203** | **220** | **228** | **228** |
| **Примениа барања** | **359** | **73** | **108** | **300** | **481** |
| Одобрение за увоз за облогородување | 219 | 12 | 29 | 23 | 64 |
| Одобрение за извоз за облагородување | 10 | 6 | 3 | 0 | 9 |
| Одобрение за привремен увоз | 9 | 2 | 0 | 1 | 3 |
| Одобрение за царинско складирање | 22 | 2 | 6 | 7 | 15 |
| Преработка под царинска контрола | 22 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Поедноставен привремен увоз | 21 | 24 | 34 | 209 | 267 |
| Поедноставен увоз за облагородување | 29 | 5 | 0 | 0 | 5 |
| Поедноставен извоз за облагородување | 27 | 22 | 36 | 60 | 118 |
| **Одобрени барања** | **64** | **22** | **136** | **185** | **343** |
| Одобрение за увоз за облогородување | 8 | 2 | 56 | 35 | 93 |
| Одобрение за извоз за облагородување | 1 | 0 | 1 | 1 | 2 |
| Одобрение за привремен увоз | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Одобрение за царинско складирање | 1 | 0 | 3 | 3 | 6 |
| Преработка под царинска контрола | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Поедноставен привремен увоз | 16 | 16 | 30 | 84 | 130 |
| Поедноставен увоз за облагородување | 13 | 2 | 1 | 7 | 10 |
| Поедноставен извоз за облагородување | 23 | 2 | 44 | 55 | 101 |
| **Раздолжувања** | **0** | **4** | **3** | **6** | **13** |
| Одобрение за увоз за облогородување | 0 | 4 | 3 | 6 | 13 |
| Одобрение за извоз за облагородување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Одобрение за царинско складирање | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Други | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Во овој период преку системот се поднесени **481 барања** од кои најголем број на барања за поедноставени постапки за привремен увоз (267 барања) и поедноставени постапки за извоз за облагородување (118 барања). Од поднесените барања издадени се 343 одобренија, од кои најголем дел, исто така, се од поедноставени постапки за привремен увоз (130 барања) и поедноставени постапки за извоз за облагородување (101 барања).

## *Портал за електронска комуникација (ПЕК)*

**КОРИСТЕЊЕ НА ПЕК**

| Опис | 2012 | 2013 | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | ? |
| **Број на корисници** | 351 | 352 | 335 | 362 | 362 |
| **Примениа барања** | **19,736** | **1,389** | **1,611** | **2,121** | **5,121** |
| Барање за ослободување плаќање на увозни давачки | 6,738 | 337 | 331 | 548 | 1,216 |
| Барање | 5,342 | 428 | 463 | 442 | 1,333 |
| Барање поедноставена постапка при извоз | 1,378 | 182 | 177 | 178 | 537 |
| Барање за продолжување на рок | 1,077 | 67 | 46 | 62 | 175 |
| Барање поедноставена постапка при увоз | 874 | 50 | 51 | 75 | 176 |
| Барање за уништување на стока | 362 | 35 | 40 | 79 | 154 |
| Барање непотполна декларација | 57 | 8 | 143 | 358 | 509 |
| Останати барања | 3,908 | 282 | 360 | 379 | 1,021 |
| **Одобрени барања** | **11,430** | **759** | **765** | **786** | **2,310** |
| Барање за ослободување плаќање на увозни давачки | 4,806 | 277 | 267 | 277 | 821 |
| Барање | 1,841 | 138 | 117 | 124 | 379 |
| Барање поедноставена постапка при извоз | 1,212 | 157 | 163 | 165 | 485 |
| Барање за продолжување на рок | 671 | 37 | 34 | 48 | 119 |
| Барање поедноставена постапка при увоз | 766 | 45 | 46 | 47 | 138 |
| Барање за уништување на стока | 260 | 4 | 11 | 9 | 24 |
| Барање непотполна декларација | 28 | 5 | 1 | 1 | 7 |
| Останати барања | 1,846 | 96 | 126 | 115 | 337 |

Во рамки на интернет страницата на Царинската управа е поставен Портал за електронска комуникација – ПЕК, преку кој **надворешните корисници можат да пребаруваат над 70 стандардни, електронски контролирани барања**, кои во Царинската управа електронски се архивираат, процесираат и враќаат до барателите. Преку ПЕК корисниците добиваат достапност на услугите на Царинската управа 24/7, заштеда на време и трошоци поради електронско поднесување и преземање на документацијата и

намалување на времето потребно за добивање одговор на барањата. Најчести електронски барања преку ПЕК се: Барање за ослободување од плаќање на увозни давачки, Барање за поедноставена постапка при извоз, Барање за продолжување на рок, Барање за поедноставена постапка при увоз, Барање за уништување на стока, Барање за непотполна декларација.

На крајот на првиот квартал 2013 година во ПЕК беа **регистрирани 362 надворешни корисници**. Надворешните корисници преку ПЕК до Царинската управа доставија **над 5 илјади** барања од кои над 2,3 илјади беа одобрени.

### *Интероперабилност*

Во периодот јануари – март 2013 година системот Интероперабилност беше користен од страна на над 90 корисници од повеќе организациони единици на Царинската управа. Најмногу податоци се преземаат од базата на Централниот регистар за проверка на деловните субјекти кои поднесуваат барања во Царинската управа по разни основи. Во периодот јануари – март 2013 година извршени се вкупно 2.567 пребарувања во системот, од кои 1.223 за пребарувања на податоци за проверка на деловни субјекти, а останатите за тестирање на системот. Веб сервисите во рамки на проектот Интероперабилност беа користени за тестирање на планираната комуникациска врска на новиот СОЦДАД со Централниот регистар и Управата за јавни приходи, со цел добивање на информации за екомските оператори. Согласно Законот за електронско управување ваквата комуникација треба да се одвива во рамките на проектот за Интероперабилност.

Во тек е постапка на сертифицирање на системите преку кои се разменуваат податоците во електронска форма согласно одредбите на Законот за електронско управување и по завршувањето на постапката на сертификација, податоците превземени од системот ќе можат да се применуваат во обработка на барањата за разни одобренија кои ги издава Царинската управа, така што нема да има потреба одредени документи да бидат поднесувани од страна на надворешните лица. **Досега од страна на странките во царинската постапка нема поднесено барања за обезбедување на податоци и документи од други институции по службена должност.**

## *Обем на извршени работи*

### *Царински и акцизни одобренија и лиценци*

#### Застапување во царински постапки

На крајот на март 2013 година **358** економски оператори имаа одобрение од Царинска управа за вршење работи на застапување во царински постапки. Бројот на физички лица - иматели на лиценци од Царинската управа за вршење работи на застапување во царински постапки, на крајот на март 2013 година изнесуваше **1.042**, што претставува зголемување за 7 лиценци во однос на крајот на 2012 година.

## Царински постапки со економски ефект

| СОСТОЈБА НА ИЗДАДЕНИ ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на одобрение | 2011 | 2012 | 31.03. 2013 | 2013/ 2012 |
| **Одобрение за царинско застапување** | **321** | **354** | **358** | **4** |
| **Лиценца за царинско застапување** | **913** | **1,035** | **1,042** | **7** |
| **Царински постапки со економски ефект** | **326** | **421** | **526** | **105** |
| Одобрение за увоз за облагородување | 234 | 337 | 431 | 94 |
| Одобрение за извоз за облагородување | 13 | 4 | 5 | 1 |
| Одобрение за царинско складирање | 78 | 66 | 76 | 10 |
| Други видови одобренија | 1 | 14 | 14 | 0 |
| **Поедноставени царински постапки** | **200** | **314** | **349** | **25** |
| Одобрение за локално царинење при увоз | 46 | 77 | 84 | 7 |
| Одобрение за локално царинење при извоз | 76 | 105 | 113 | 8 |
| Одобрение за овластен примач во транзит | 55 | 96 | 114 | 8 |
| Одобрение за овластен испраќач | 23 | 36 | 38 | 2 |
| **Акцизи** | **393** | **479** | **486** | **7** |
| Акцизни дозволи | 95 | 115 | 116 | 1 |
| Одобренија за акцизно повластено користење | 298 | 364 | 370 | 6 |
| **Задолжителна тарифна информација** | **580** | **770** | **820** | **50** |
| **Одобрение за одобрен извозник** | **57** | **77** | **79** | **2** |
| **Вкупно** | **2,790** | **3,450** | **3,660** | **210** |

Царинските постапки со економски ефект се мошне застапена форма на економски активности во Република Македонија, посебно увозот за облагородување во текстилната индустрија, производството на обувки, металургијата итн., како и царинското складирање. **Вкупниот број на донесени одобренија за царински постапки со економски ефект на крајот на март 2013 година изнесуваше 526, што е за 105 одобренија повеќе во однос на 2012 година.** Притоа, бројот на одобренија за увоз за облагородување се **зголеми за 94 и на крајот на март 2013 година и изнесуваше 431,** што укажува на зголемениот број на нарачки од странство и поволните услови за користење на овој царински инструмент. **Бројот на издадени одлуки за одобренија за царинско складирање на крајот на март 2013 изнесуваше 76, што е за 10 одобренија повеќе во однос на крајот на 2012 година, додека бројот на иматели на одобренија за царинско складирање се намали за 2.**

## Поедноставени царински постапки

**Бројот на иматели на одобренија за поедноставени царински постапки** на крајот на март 2013 година **изнесуваше 349, што е за 25 одобренија повеќе во однос на крајот на 2012 година,** кога изнесуваше **314**. Зголемувањето е карактеристично кај сите видови поедноставени постапки (овластен примач во транзит, локално царинење при увоз, локално царинење при извоз, итн. Напреднаведеното укажува дека поедноставените царински постапки сѐ повеќе навлегуваат во филозофијата на работење на економските оператори во Република Македонија, што значи дека **се зголемува капацитетот на економските оператори и на Царинската управа за управување со ризиците, забрзување на увозот и извозот и намалување на трошоците.**

## Задолжителна тарифна информација (ЗТИ)

Во првиот квартал на 2013 година **издадени се 50 задолжителни тарифни информации** (ЗТИ), со што вкупниот број на издадени ЗТИ изнесува **820**, споредено со 770 на крајот на 2012 година. ЗТИ придонесува за упростување и забрзување на царинските постапки, како и за зголемување на предвидливоста на царинското

постапување на економските оператори. Барањата за задолжителна информација за потекло сеуште не се заживеани.

### Одобренија за одложено плаќање на царински долг

Состојбата на издадени **одобренија за одложено плаќање на царински долг** на крајот на 2012 година изнесуваше **128**, а во првите 3 месеци од 2013 година се издадени 31 одобрение за одложено плаќање на царински долг .

### Одобренија за акцизно повластено користење и акцизни дозволи

На крајот на март 2013 година **бројот на економските оператори - иматели на акцизни дозволи изнесуваше 116**, што е за 1 имател на дозвола повеќе во однос на 2012 година. Интересот на економските оператори беше насочен и кон добивање на одбренијата за акцизно повластено користење. На крајот на март 2013 **година бројот на економски оператори иматели на одобренија за акцизно повластено користење изнесуваше 370.**

## *Преференцијално потекло на стоките*

Република Македонија има склучени договори за слободна трговија со Турција, Украина и државите членки на ЕУ, ЕФТА и ЦЕФТА. Вкупно реализираниот надворешен трговски промет во првиот квартал од 2013 година, за кој е користен доказ за преференцијално потекло, изнесува **60,2 милијарди денари**, (во 2012 година изнесуваше 63,5 милијарди денари). Најголем дел од овој промет е остварен со земјите членки на ЕУ (околу 46,7 милијарди денари, со што неговото учество во вкупниот промет е зголемен за околу 4 процентни поени во однос на крајот на 2012 година и изнесуваше 77,5%. Следен по големина е прометот со земјите членки на ЦЕФТА со околу 10,8 милијарди денари, што претставува намалено учество во однос на 2012 година (18% споредено со 21,8%), а намалувањето е пред сè кај прометот со Косово.

**ВКУПНО КОРСИТЕЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА**
**(Во милиони денари)**

| Договорна страна | 2012 | | Извоз во 2013 година | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Јануари | | Февруари | | Март | | Вкупно | |
| | Износ | % | Износ | % | Износ | % | Износ | % | Износ | % |
| ЕУ | 208,753 | 73.7 | 14,485 | 79.0 | 15,240 | 77.3 | 16,967 | 76.5 | 46,692 | 77.5 |
| ЕФТА | 1,178 | 0.4 | 63 | 0.3 | 91 | 0.5 | 117 | 0.5 | 271 | 0.4 |
| ЦЕФТА | 61,891 | 21.8 | 3,096 | 16.9 | 3,601 | 18.3 | 4,150 | 18.7 | 10,847 | 18.0 |
| Албанија | 3,480 | 1.2 | 172 | 0.9 | 223 | 1.1 | 253 | 1.1 | 648 | 1.1 |
| Б и Х | 7,270 | 2.6 | 301 | 1.6 | 383 | 1.9 | 462 | 2.1 | 1,146 | 1.9 |
| Црна Гора | 1,555 | 0.5 | 62 | 0.3 | 97 | 0.5 | 113 | 0.5 | 272 | 0.5 |
| Косово | 13,505 | 4.8 | 645 | 3.5 | 660 | 3.3 | 711 | 3.2 | 2,016 | 3.3 |
| Србија | 27,513 | 9.7 | 1,471 | 8.0 | 1,699 | 8.6 | 1,897 | 8.5 | 5,067 | 8.4 |
| Хрватска | 8,529 | 3.0 | 443 | 2.4 | 539 | 2.7 | 714 | 3.2 | 1,696 | 2.8 |
| Молдавија | 39 | 0.0 | 2 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 2 | 0.0 |
| Турција | 10,950 | 3.9 | 689 | 3.8 | 776 | 3.9 | 949 | 4.3 | 2,414 | 4.0 |
| Украина | 614 | 0.2 | 3 | 0.0 | 3 | 0.0 | 10 | 0.0 | 16 | 0.0 |
| **Вкупно** | **283,386** | **100** | **18,336** | **100** | **19,711** | **100** | **22,193** | **100** | **60,240** | **100** |

**КОРСИТЕЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА ПРИ УВОЗ**
**(Во милиони денари)**

| Договорна страна | 31.12.2012 | | Извоз во 2013 година | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Јануари | | Февруари | | Март | | Вкупно | |
| | Износ | % | Износ | % | Износ | % | Износ | % | Износ | % |
| ЕУ | 105,132 | 76.4 | 6,381 | 78.9 | 6,672 | 76.2 | 7,579 | 75.1 | 20,632 | 76.6 |
| ЕФТА | 506 | 0.4 | 18 | 0.2 | 36 | 0.4 | 62 | 0.6 | 116 | 0.4 |
| ЦЕФТА | 23,195 | 16.9 | 1,152 | 14.2 | 1,453 | 16.6 | 1,737 | 17.2 | 4,342 | 16.1 |
| Албанија | 861 | 0.6 | 23 | 0.3 | 46 | 0.5 | 99 | 1.0 | 168 | 0.6 |
| Б и Х | 2,294 | 1.7 | 80 | 1.0 | 126 | 1.4 | 136 | 1.3 | 342 | 1.3 |
| Црна Гора | 71 | 0.1 | 4 | 0.0 | 6 | 0.1 | 5 | 0.0 | 15 | 0.1 |
| Косово | 787 | 0.6 | 79 | 1.0 | 50 | 0.6 | 71 | 0.7 | 200 | 0.7 |
| Србија | 14,351 | 10.4 | 723 | 8.9 | 970 | 11.1 | 1,063 | 10.5 | 2,756 | 10.2 |
| Хрватска | 4,802 | 3.5 | 241 | 3.0 | 255 | 2.9 | 363 | 3.6 | 859 | 3.2 |
| Молдавија | 29 | 0.0 | 2 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 2 | 0.0 |
| Турција | 8,602 | 6.3 | 537 | 6.6 | 596 | 6.8 | 704 | 7.0 | 1,837 | 6.8 |
| Украина | 107 | 0.1 | 2 | 0.0 | 1 | 0.0 | 4 | 0.0 | 7 | 0.0 |
| **Вкупно** | **137,542** | **100** | **8,090** | **100** | **8,758** | **100** | **10,086** | **100** | **26,934** | **100** |

Извозот од Република Македонија со преференцијален третман во првиот квартал 2013 година изнесува 33,3 милијарди денари и е поголем од увозот за кој е користен преференцијален третман – 26,9 милијарди денари. Најголемо учество и во извозот и во увозот има ЕУ (78,2% односно 76,6%), при што, преференцијалниот извоз е поголем од преференцијалниот увоз.

**КОРСИТЕЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА ПРИ ИЗВОЗ**
**(Во милиони денари)**

| Договорна страна | 2012 | | Извоз во 2013 година | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Јануари | | Февруари | | Март | | Вкупно | |
| | Износ | % | Износ | % | Износ | % | Износ | % | Износ | % |
| ЕУ | 103,621 | 71.0 | 8,104 | 79.1 | 8,568 | 78.2 | 9,388 | 77.5 | 26,060 | 78.2 |
| ЕФТА | 672 | 0.5 | 45 | 0.4 | 55 | 0.5 | 55 | 0.5 | 155 | 0.5 |
| ЦЕФТА | 38,696 | 26.5 | 1,944 | 19.0 | 2,148 | 19.6 | 2,413 | 19.9 | 6,505 | 19.5 |
| Албанија | 2,619 | 1.8 | 149 | 1.5 | 177 | 1.6 | 154 | 1.3 | 480 | 1.4 |
| Б и Х | 4,976 | 3.4 | 221 | 2.2 | 257 | 2.3 | 326 | 2.7 | 804 | 2.4 |
| Црна Гора | 1,484 | 1.0 | 58 | 0.6 | 91 | 0.8 | 108 | 0.9 | 257 | 0.8 |
| Косово | 12,718 | 8.7 | 566 | 5.5 | 610 | 5.6 | 640 | 5.3 | 1,816 | 5.5 |
| Србија | 13,162 | 9.0 | 748 | 7.3 | 729 | 6.7 | 834 | 6.9 | 2,311 | 6.9 |
| Хрватска | 3,727 | 2.6 | 202 | 2.0 | 284 | 2.6 | 351 | 2.9 | 837 | 2.5 |
| Молдавија | 10 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 | 0 | 0.0 |
| Турција | 2,348 | 1.6 | 152 | 1.5 | 180 | 1.6 | 245 | 2.0 | 577 | 1.7 |
| Украина | 507 | 0.3 | 1 | 0.0 | 2 | 0.0 | 6 | 0.0 | 9 | 0.0 |
| **Вкупно** | **145,844** | **100** | **10,246** | **100** | **10,953** | **100** | **12,107** | **100** | **33,306** | **100** |

Преференцијалниот извоз во земјите членки на ЦЕФТА во првиот квартал од 2013 година е поголем од преференцијалниот увоз (6,5 милијарди денари извоз, односно 4,3 милијарди денари увоз). Разликата произлегува од повисокиот извоз во однос на увоз со Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Горба и Косово, додека со Хрватска и Србија односот е обратен и се зголемува. Негативно салдо со Турција продолжува и во 2013 година – 1,8 милијарди денари увоз и само 0,58 милијарди денари извоз. Користењето на преференцијално потекло со Украина скоро и да не постои – во првиот квартал од 2013 година вкупниот промет со примена на правилата за преференцијално потекло изнесува само 16 милиони денари.

## *Реализација на тарифните квоти за увоз*

Овој преглед на реализација на квоти е изготвен имајќи ги предвид одредбите за увоз во рамки на квоти од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници, Договорот за изменување и пристапување кон Централно-европскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА) и Договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено со Турција, Украина и ЕФТА државите, како и Протоколот за пристапување на Република Македонија кон Светската трговска организација.

Договорените годишни количини на стоки кои се увезуваат во рамки на тарифни квоти во 2013 година се непроменети во однос на 2012 година, освен количините за увоз на квалитетно пенливо вино и вино од свежо грозје од Европска унија каде што има годишно зголемување на количината од 300 хл., согласно пропишаната динамика во Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

**Квотите пропишани во Договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено со ЕФТА државите, Молдова и Украина воопшто не се користат** и затоа во понатамошната анализа е даден преглед на искористеност на квотите за стоки со потекло од Европска унија, Хрватска, Турција, како и квотата за увоз на пченица со потекло од земјите членки на СТО **бидејќи единствено за овие квоти има интерес за користење на количините.**

## Искористеност на квоти за стока со потекло од Европска унија

| Искористеност на квоти за стока со потекло од Европска унија<br>јануари-март | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2013 | | | 2012 | | |
| Тар.број | Опис | Единица мерка | Почетна количина | потрошена | искористеност % | Почетна количина | потрошена | искористеност % |
| 203 | Месо свинско, свежо, разладено или замрзнато: | кг | 200.0 | 200.0 | 100.0 | 200.0 | 200.0 | 100.0 |
| 0301 93 00 00 | Жив крап (Cyprinus carpio, Carassius carassius, Ctenopharyngodon idellus, Hypo-phthalmichthys spp., Cirrhinus spp., Mylopharyngodon piceus) | кг | 18.8 | 0.0 | 0.0 | 18.8 | 0.0 | 0.0 |
| | Крап, освен крап споменат во тар. Ознака 0301 93 00 | | | | | | | |
| 0301 99 18 10 | | | | | | | | |
| 0401 20 | Млеко и павлака, неконцентрирани и без додаден шеќер или други материи за засладување: | кг | 550.0 | 539.8 | 98.0 | 550.0 | 52.2 | 9.0 |
| | Со содржина на маснотија што надминува 1, но не надминува 6 по маса: | | | | | | | |
| | Сирење стругано или во прав, од сите видови: | кг | 40.0 | 40.0 | 100.0 | 40.0 | 40.0 | 100.0 |
| 0406 20 | Сирење топено, освен стругано или во прав: | | | | | | | |
| 0406 30 | | | | | | | | |
| 406 | Сирење и урда: | кг | 150.0 | 11.4 | 8.0 | 150.0 | 7.8 | 5.0 |
| 0406 90 | Друго сирење: | кг | 125.0 | 8.0 | 0.0 | 125.0 | 0.0 | 0.0 |
| 0701 90 | Компири свежи или разладен; Друг: | кг | 25.0 | 22.0 | 88.0 | 25.0 | 25.0 | 100.0 |
| 1517 10 | Маргарин, исклучувајќи течен маргарин: | кг | 25.0 | 25.0 | 100.0 | 25.0 | 25.0 | 100.0 |
| 1601 00 | Колбаси и слични производи, од месо, од други јастиви месни кланични производи или од крв, сложени прехранбени производи врз основа на овие произ–води: | кг | 850.0 | 215.7 | 25.0 | 850.0 | 191.1 | 22.0 |
| 1602 | Други приготвени или конзервирани производи од месо, од јастиви месни кланични производи или од крв: | кг | 462.5 | 462.5 | 100.0 | 462.5 | 462.5 | 100.0 |
| 1704 90 | Производи од шеќер (вклучувајќи бела чоколада), без какао: Друго: | кг | 66.3 | 51.9 | 78.0 | 66.3 | 66.3 | 100.0 |
| 1806 | Чоколада и други прехранбени производи што содржат какао: | кг | 87.5 | 87.5 | 100.0 | 87.5 | 87.5 | 100.0 |
| 1902 | Тестенини, варени или неварени или полнети (со месо или други материи) или поинаку приготвени како што се шпагети, макарони, резанки, лазањи, њоки, равиоли, канелони, кускус, приготвен или неприготвен: | кг | 25.0 | 25.0 | 100.0 | 25.0 | 25.0 | 100.0 |
| 1905 | Леб, печива, колачи, бисквити и други пекарски производи, со додаток на какао; нафора, капсули за фармацевтска употреба, обланди, оризова хартија и слични производи: | | 227.5 | 227.5 | 100.0 | 227.5 | 227.5 | 100.0 |
| 1905 31 | Слатки бисквити: | кг | | | | | | |
| 1905 32 | Вафли и обланди: | | | | | | | |
| 1905 90 | Друго: | | | | | | | |
| 2003 10 | Печурки за јадење од видот Agaricus; | кг/нет еда кг | 12.5 | 12.5 | 100.0 | 12.5 | 12.5 | 100.0 |
| 2003 90 10 00 | Трифли | | | | | | | |
| 2009 | Овошни сокови (вклучувајќи шира од грозје) и сокови од зеленчук, неферментирани и без додаток на алкохол, со додаток или без додаток на шеќер или други средства за засладување: | кг | 75.0 | 18.8 | 25.0 | 75.0 | 53.1 | 71.0 |
| 2201 | Вода, вклучувајќи природна или вештачка минерална вода и газирана вода, без додаток на шеќер или на други средства за засладување или ароматизација, мраз и снег | л | 37.5 | 24.6 | 66.0 | 37.5 | 37.5 | 100.0 |
| ex 2204 10 | Квалитетни пенливи вина | л | 345.0 | 4805.0 | 1.0 | 337.5 | 9.0 | 3.0 |
| ex 2204 21 | Вина од свежо грозје | | | | | | | |
| 2309 90 96 90 | Производи што се употребуваат за исхрана на животни: Друго: Друго, вклучувајќи премикси: Друго: Друго: Друго: | кг | 3.000.000 | 401.6 | 13.0 | 3.000.000 | 104.6 | 3.0 |

Зголемување на искористеноста на квотите во овој период има кај увозот на млеко и павлака, неконцентрирани и без додаден шеќер или други материи за засладување, пред сѐ од Словенија. Зголемување има и кај увозот на колбаси и слични производи, од месо, од други јастиви месни кланични производи или од крв, сложени прехранбени производи врз основа на овие производи, пред сѐ од Словенија. за разлика од истиот период минатата година. Зголемување има и кај увозот на производи што се употребуваат за исхрана на животни, пред сѐ од Германија, Данска, Италија и Полска. Намалување на искористеноста на квотите во овој период има кај увозот на производи од шеќер (вклучувајќи бела чоколада), без какао, пред сѐ од Германија и Австриј. Намалување на искористеноста на квотите во овој период има кај увозот на овошни сокови (вклучувајќи шира од грозје) и сокови од зеленчук, неферментирани и без додаток на алкохол, со додаток или без додаток на шеќер или други средства за засладување, пред сѐ од Холандија и Грција.

## Искористеност на квоти за стока со потекло од Хрватска

**Искористеност на квоти за стока со потекло од Хрватска**
**јануари-март**

| Тар.број | Опис | Единица мерка | 2013 Почетна количина | 2013 потрошена | 2013 искористеност % | 2012 Почетна количина | 2012 потрошена | 2012 искористеност % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 0203 21 | Месо свинско, замрзнато: | кг | 75.00 | 0.00 | 0 | 75.00 | 0.00 | 0 |
| 0203 22 | Трупови и полутки: Бутови, (шунки) плешки и парчиња од нив, со коски: | | | | | | | |
| 0203 29 | Друго: | | | | | | | |
| 0401 20 | Млеко и павлака, неконцентрирани и без додаден шеќер или други материи за засладување: Со содржина на маснотија што надминува 1% но не надминува 6% по маса: | кг | 150.00 | 150.00 | 100 | 150.00 | 150.00 | 100 |
| 0406 30 | Сирење топено, освен стругано или во прав | кг | 37.50 | 37.50 | 100 | 37.50 | 35.27 | 94 |
| 0406 90 | Друго сирење: | кг | 37.50 | 19.43 | 52 | 37.50 | 22.12 | 59 |
| 1001 | Пченица и наполица: | кг | 5.000.000 | 0.00 | 0 | 5.000.000 | 4.517.890 | 90 |
| 1101 00 | Брашно од пченица или наполица: | кг | 50.00 | 0.00 | 0 | 50.00 | 24.50 | 49 |
| 1512 19 | Масла од сончоглед или шафранка: Друго: Друго: | кг | 50.00 | 0.00 | 0 | 50.00 | 0.00 | 0 |
| 1601 00 | Колбаси и слични производи, од месо, од други јастиви месни кланични производи или од крв, сложени прехранбени производи врз основа на овие произ–води: | кг | 100.00 | 28.99 | 29 | 100.00 | 24.26 | 24 |
| 1602 | Други приготвени или конзервирани производи од месо, од јастиви месни делови или од крв: | кг | 275.00 | 71.75 | 26 | 275.00 | 61.68 | 22 |
| 2103 90 90 90 | Сосови и препарати на сосови; мешани мирудии и мешани мирудиски средства: Друго: Друго: | кг | 75.00 | 75.00 | 100 | 75.00 | 75.00 | 100 |
| 2104 10 00 00 | Супи и чорби и препарати за тие производи | кг | 135.00 | 135.00 | 100 | 135.00 | 114.92 | 85 |
| 2204 29 | Вино флаширано | л | 10.00 | 0.00 | 0 | 10.00 | 0.00 | 0 |
| 2401 10 | Тутун, суров и непреработен: Тутун, неоджилен/нережан: | кг | 625.00 | 0.00 | 0 | 625.00 | 0.00 | 0 |
| 2402 20 | Цигари што содржат тутун: | 1000 п/ст | 25.00 | 13.21 | 53 | 25.00 | 8.48 | 34 |

Зголемена искористеност на квотата во јануари - март 2013 година споредено со периодот јануари - март 2012 година има кај квотата пропишана за увоз на сирење

топено, освен стругано или во прав, супи и чорби и препарати за тие производи. Намалување на искористеноста на квотите во овој период има кај увозот на пченица и наполица.

## Искористеност на квоти за стока со потекло од Турција

| Искористеност на квоти за стока со потекло од Турција јануари-март | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2013 | | | 2012 | | |
| Тар.број | Опис | Единица мерка | Почетна количина | потрошена | искористеност% | Почетна количина | потрошена | искористеност% |
| 207 | Месо и јастиви делови од живина од тарифен број 0105, свежи, разладени или замрзнати: | кг | 750 | 0 | 0 | 750 | 0 | 0 |
| 0713 40 00 90 | Сушен мешункаст зеленчук, во зрно, лупен или нелупен или кршен: Леќа: Друга | кг | 125 | 0 | 0 | 125 | 0 | 0 |
| 0802 22 00 00 | Друго јајчесто овошје во лушпа, свежо или сушено: Лешници (Corylus. spp.): Лупени | кг | 62.5 | 62.412 | 100 | 62.5 | 61.9 | 99 |
| 805 | Агруми, свежи или сушени: | кг | 2.000.000 | 2.000.000 | 100 | 2.000.000 | 2.000.000 | 100 |
| 0806 20 | Грозје: Сушено: | кг | 62.5 | 36.5 | 58 | 62.5 | 15.98 | 26 |
| 1509 10 90 00 | Маслиново масло и негови фракции, пречистено или непречистено, но хемиски немодификувано: Од првото пресување: Друго | кг | 25 | 4.401 | 18 | 25 | 0 | 0 |
| 2005 70 00 00 | Друг зеленчук приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна киселина, незамрзнат, освен производите од тар.број 2006: Маслинки: | кг/нет еда | 175 | 13.066 | 7 | 175 | 0 | 0 |
| 2008 | Овошје, јатчесто овошје и други јастиви делови на растенија, поинаку приготвени или конзервирани со додавање или без додавање на шеќер или други средства за засладување или алкохол на друго место неспомнати или опфатени: | кг | 50 | 38.484 | 77 | 50 | 21.952 | 44 |

Пораст на искористеноста на квотите во овој период има кај увозот на грозје сушено, друг зеленчук приготвен или конзервиран на друг начин освен во оцет или оцетна киселина, незамрзнат, освен производите од тар.број 2006: маслинки.

## *Промет на товарни моторни возила (ТМВ) на граничните премини*

| ПРОМЕТ НА ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА (ТМВ) ВО ЈАНУАРИ-МАРТ 2013 ГОДИНА | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на промет | Косово | | | Србија | | | Бугарија | | | | Грција | | | | Албанија | | | | | Се вкупно |
| | Блаце | Јажинце | Вкупно | Табановце | Пелинце | Вкупно | Деве Баир | Делчево | Ново Село | Вкупно | Дојран | Богородица | Меџитлија | Вкупно | Стење | Ќафасан | Св. Наум | Блато | Вкупно | |
| **Влез** | **11,181** | **656** | **11,837** | **26,223** | **0** | **26,223** | **5,079** | **3,512** | **2,585** | **11,176** | **6,657** | **23,292** | **2,032** | **31,981** | **332** | **6,626** | **62** | **201** | **7,221** | **88,438** |
| Полни | 1,611 | 0 | 1,611 | 24,016 | 0 | 24,016 | 3,916 | 2,350 | 1,000 | 7,266 | 5,012 | 21,268 | 978 | 27,258 | 2 | 3,564 | 0 | 8 | 3,574 | **63,725** |
| Празни | 9,570 | 656 | 10,226 | 2,207 | 0 | 2,207 | 1,163 | 1,162 | 1,585 | 3,910 | 1,645 | 2,024 | 1,054 | 4,723 | 330 | 3,062 | 62 | 193 | 3,647 | **24,713** |
| **Излез** | **12,823** | **198** | **13,021** | **29,477** | **0** | **29,477** | **5,602** | **3,058** | **5,163** | **13,823** | **3,090** | **30,070** | **2,270** | **35,430** | **352** | **7,514** | **50** | **204** | **8,120** | **99,871** |
| Полни | 11,196 | 0 | 11,196 | 22,659 | 0 | 22,659 | 2,543 | 1,286 | 2,930 | 6,759 | 1,083 | 10,859 | 537 | 12,479 | 36 | 4,658 | 3 | 93 | 4,790 | **57,883** |
| Празни | 1,627 | 198 | 1,825 | 6,818 | 0 | 6,818 | 3,059 | 1,772 | 2,233 | 7,064 | 2,007 | 19,211 | 1,733 | 22,951 | 316 | 2,856 | 47 | 111 | 3,330 | **41,988** |
| **Вкупно** | **24,004** | **854** | **24,858** | **55,700** | **0** | **55,700** | **10,681** | **6,570** | **7,748** | **24,999** | **9,747** | **53,362** | **4,302** | **67,411** | **684** | **14,140** | **112** | **405** | **15,341** | **188,309** |
| Полни | 12,807 | 0 | 12,807 | 46,675 | 0 | 46,675 | 6,459 | 3,636 | 3,930 | 14,025 | 6,095 | 32,127 | 1,515 | 39,737 | 38 | 8,222 | 3 | 101 | 8,364 | **121,608** |
| Празни | 11,197 | 854 | 12,051 | 9,025 | 0 | 9,025 | 4,222 | 2,934 | 3,818 | 10,974 | 3,652 | 21,235 | 2,787 | 27,674 | 646 | 5,918 | 109 | 304 | 6,977 | **66,701** |

**ПРОМЕТ НА ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА (ТМВ) ВО ЈАНУАРИ-МАРТ 2012 ГОДИНА**

| Вид на промет | Косово | | | Србија | | | Бугарија | | | | Грција | | | | Албанија | | | | | Се вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Блаце | Јажинце | Вкупно | Табановце | Пелинце | Вкупно | Деве Баир | Делчево | Ново Село | Вкупно | Дојран | Богородица | Меџитлија | Вкупно | Стење | Ќафасан | Св. Наум | Блато | Вкупно | |
| **Влез** | **13,077** | **303** | **13,380** | **26,569** | **1** | **26,570** | **4,747** | **3,583** | **2,532** | **10,862** | **6,130** | **31,019** | **2,105** | **39,254** | **349** | **5,035** | **56** | **254** | **5,694** | **95,760** |
| Полни | 1,738 | 0 | 1,738 | 24,356 | 0 | 24,356 | 3,718 | 2,637 | 1,074 | 7,429 | 4,198 | 29,080 | 871 | 34,149 | 251 | 2,287 | 0 | 14 | 2,552 | **70,224** |
| Празни | 11,339 | 303 | 11,642 | 2,213 | 1 | 2,214 | 1,029 | 946 | 1,458 | 3,433 | 1,932 | 1,939 | 1,234 | 5,105 | 98 | 2,748 | 56 | 240 | 3,142 | **25,536** |
| **Излез** | **12,909** | **135** | **13,044** | **28,054** | **1** | **28,055** | **5,321** | **3,057** | **4,413** | **12,791** | **2,091** | **34,636** | **2,225** | **38,952** | **381** | **6,019** | **43** | **205** | **6,648** | **99,490** |
| Полни | 11,471 | 0 | 11,471 | 21,205 | 0 | 21,205 | 2,473 | 1,185 | 2,227 | 5,885 | 272 | 11,965 | 559 | 12,796 | 43 | 4,144 | 4 | 68 | 4,259 | **55,616** |
| Празни | 1,438 | 135 | 1,573 | 6,849 | 1 | 6,850 | 2,848 | 1,872 | 2,186 | 6,906 | 1,819 | 22,671 | 1,666 | 26,156 | 338 | 1,875 | 39 | 137 | 2,389 | **43,874** |
| **Вкупно** | **25,986** | **438** | **26,424** | **54,623** | **2** | **54,625** | **10,068** | **6,640** | **6,945** | **23,653** | **8,221** | **65,655** | **4,330** | **78,206** | **730** | **11,054** | **99** | **459** | **12,342** | **195,250** |
| Полни | 13,209 | 0 | 13,209 | 45,561 | 0 | 45,561 | 6,191 | 3,822 | 3,301 | 13,314 | 4,470 | 41,045 | 1,430 | 46,945 | 294 | 6,431 | 4 | 82 | 6,811 | **125,840** |
| Празни | 12,777 | 438 | 13,215 | 9,062 | 2 | 9,064 | 3,877 | 2,818 | 3,644 | 10,339 | 3,751 | 24,610 | 2,900 | 31,261 | 436 | 4,623 | 95 | 377 | 5,531 | **69,410** |

На граничните премини на Република Македонија во период јануари-март 2013 година се извршиле околу 64 илјади транзитни операции што е намалување од 9.5 % во однос на истиот период од 2012 година.Најголем дел од прометот (27.508 ТМВ или околу 43 %) е остварен на граничните премини со Грција, по што следат граничните премини со Србија ( 24.540 ТМВ или околу 39%). Значително помалиот промет на ТМВ на граничните премини со Косово, Бугарија и Албанија, покажува за обемот на трговска размена и можностите за негово зголемување.

Во првиот квартал 2013 година од Република Македонија излегоа над 100 илјади ТМВ, од кои околу 58 илјади полни, а околу 42 илјади празни, при што најголем број од нив се излезени на ГП Богородица и на ГП Табановце со приближно 60 илјади ТМВ.

**ИЗЛЕЗ НА ТМВ ПО ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ ВО 2013 ГОДИНА**

| Граничен премин | Јануари | | | Февруари | | | Март | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Полни | Празни | Вкупно | Полни | Празни | Вкупно | Полни | Празни | Вкупно | Полни | Празни | Вкупно |
| **Косово** | **3,313** | **556** | **3,869** | **3,182** | **559** | **3,741** | **4,701** | **723** | **5,424** | **11,196** | **1,838** | **13,034** |
| Блаце | 3,313 | 508 | 3,821 | 3,182 | 501 | 3,683 | 4,701 | 618 | 5,319 | 11,196 | 1,627 | 12,823 |
| Јажинце | 0 | 48 | 48 | 0 | 58 | 58 | 0 | 105 | 105 | 0 | 211 | 211 |
| **Србија** | **7,432** | **2,070** | **9,502** | **7,347** | **2,294** | **9,641** | **8,290** | **2,547** | **10,837** | **23,069** | **6,911** | **29,980** |
| Табановце | 7,432 | 2,070 | 9,502 | 7,347 | 2,294 | 9,641 | 8,290 | 2,547 | 10,837 | 23,069 | 6,911 | 29,980 |
| Пелинце | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Бугарија** | **2,117** | **2,175** | **4,292** | **2,145** | **2,399** | **4,544** | **2,497** | **2,490** | **4,987** | **6,759** | **7,064** | **13,823** |
| Деве Баир | 777 | 833 | 1,610 | 790 | 1,001 | 1,791 | 976 | 1,225 | 2,201 | 2,543 | 3,059 | 5,602 |
| Делчево | 423 | 618 | 1,041 | 373 | 612 | 985 | 490 | 542 | 1,032 | 1,286 | 1,772 | 3,058 |
| Ново Село | 917 | 724 | 1,641 | 982 | 786 | 1,768 | 1,031 | 723 | 1,754 | 2,930 | 2,233 | 5,163 |
| **Грција** | **3,915** | **8,126** | **12,041** | **3,896** | **6,713** | **10,609** | **4,837** | **8,225** | **13,062** | **12,648** | **23,064** | **35,712** |
| Дпојран | 265 | 539 | 804 | 380 | 640 | 1,020 | 438 | 828 | 1,266 | 1,083 | 2,007 | 3,090 |
| Богородица | 3,485 | 6,890 | 10,375 | 3,348 | 5,589 | 8,937 | 4,195 | 6,845 | 11,040 | 11,028 | 19,324 | 30,352 |
| Меџитлија | 165 | 697 | 862 | 168 | 484 | 652 | 204 | 552 | 756 | 537 | 1,733 | 2,270 |
| **Албанија** | **1,360** | **663** | **2,023** | **1,651** | **1,087** | **2,738** | **1,779** | **1,585** | **3,364** | **4,790** | **3,335** | **8,125** |
| Стење | 10 | 74 | 84 | 11 | 117 | 128 | 15 | 129 | 144 | 36 | 320 | 356 |
| Ќафасан | 1,327 | 538 | 1,865 | 1,612 | 928 | 2,540 | 1,719 | 1,390 | 3,109 | 4,658 | 2,856 | 7,514 |
Во периодот јануари – март 2013 година, самостојно или во соработка со МВР, **откриени се 12 обиди за нелегална трговија со околу 519 кг наркотички дроги**, психотропни супстанци и прекурзори, од кои, **во 11 акции се откриени 513.5 кг марихуана и** во една акција се октриени **5,2 кг хероин**. Најголем дел од запленетите наркотички средства се запленети при нивен транзит кон држави членки на ЕУ.



*Во соработка со МВР, запленети 301 кг марихуана откриена на ГП Меџитлија (излез), скриена во душеци товарени во ТМВ*



*126 кг марихуана запленета на ГП Табановце (излез), скриена во покривот на автобус кој патувал на релација Струга - Виена*



*15 kg Марихуана запленета на ГП Табановце сокриена во две плински боци*



*12 кг марихуана запленета на ГП Деве Баир, скриена во гумите на погонските тркала*

## Спречување нелегална трговија со оружје и распрскувачки предмети

Во овој период се **откриени 3 обиди за нелегално внесување на оружје и муниција,** и тоа 2 гасни пиштоли, 131 парче муниција.



*Гасни пиштоли и куржуми откриени на ГП Табановце во патна торба на патник во автобус на релација Струга - Белград*




*Лловечка муниција откриена на ГП Богородива*

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

## Заштита на културното наследство

***26 предмети од историска и културна важност*** *откриени на ГП Богородица кај патник во автобус на релација Струга – Истанбул (2 сребрени џебни часовници тешки 566 грама, 1 орден со натпис „1809-1918“, 6 сребрени турски монети тешки 61 грам, 1 сребрена табакера тешка 143 грама, 5 документи напишани со арапско писмо, 5 документи на албански јазик и 5 стари поштенски марки.*



## Спречување нелегална трговија со живи животни и инсекти

***Бумбари за запрашување растенија****, привремено задржани на ГП Гевггевелија. Иститете не биле пријавени за увозна и царинска постапка*




## Спречување нелегална миграција

Во периодот јануари – март 2013 година **во 17 случаи** Царинската управа откри **137 странски државјани кои се обидоа нелегално да ги преминат границите на Република Македонија**. Најголем број од странските нелегални мигранти се откриени при транзит низ Република Македонија, чија крајна дестинација биле држави членки на ЕУ. Најчесто нелегалните мигранти не поседувале документи.



*8 елегални имигранти откриени на ГП Железничка станица Гевгелија, скриени во контејнер на воз што сообраќал на релација Грција – Австрија*



*13 илегални имигранти откриени на ГП Железничка станица Табановце, скриени во меѓународен товарен воз од Грција, пријавен за излез од Република Македонија*

# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

## Спречување нелегален пренос на готови пари и хартии од вредност

Во првиот квартал од 2013 година се откриени **19 обиди за нелегално пренесување преку граница на готови пари и хартии од вредност** во различни валути, **во проттивредност од околу 208 илјади евра**



*25 илјади евра запленети на ГП Табановце (излез), скриени кај возач на ТМВ*



*39 илјади евра, откриени при личен претрес на четворица македонски државјанин кои патувале со автомобил со италјански регистарски таблички, кој се обидел да ја избегне царинската контрола на ГП Табановце автопат.*

## Спречување нелегална трговија со лекови и медицински помагала

Во првиот квартал 2013 година во **7 акции се запленети околу 24 илјади парчиња лекови.**



*2.216 парчиња лекови за животни, запленети на ГП Богородица (злез), скриени во ПМВ*



*Над 15 илјади парчиња лекови, откиени на ГП Деве Баир во минибус на релација Истанбул - Приштина*

## Спречување нелегална трговија со прехранбени производи

Во првиот квартал од 2013 година во 10 случаи е спречен шверц на 180 кг прехранбени производи.



*50 кг свежи полешки батаци откриени на ГП Делчево, скриени во просторот на алат на ТМВ*



*334 раноградинарски производи отркиени на ГП Ново Село, скриени во комбе*

## Спречување нелегална трговија со цигари и други тутунски производи

Во првиот квартал од 2013 година во **10 случаи се запленети околу 1.770 илјади парчиња цигари и други тутунски производи**.



*457 штеки цигари запленети на аеродром Александар Велики, скирени во куфери на пет лица кои патувале за Велика Британија*



*37 штеки цигаи со македонски контролни маркички отркиени на ГП Дојран, скиени во просторот на моторот на ПМВ*

## Нелегална трговија со галанетрија, бижутерија и златни предмети и накит

Врз основа на извршен физички преглед, царинските службеници во 17 случаи запленија околу 5.000 сетови и парчиња сребрен и златен накит.

*1.600 сетови ликсузен рачно изработен сребен накит, запленет на ГП Аеродром Александар Велики - Скопје. Малоподажната вредност се проценува на околи 65 илјади евра*



# КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

## Спречување нелегална трговија со облека, модни дотатоци, текстилни производи, репроматеријали

**Во 23 акции**, во првиот квартал 2013 година **Царинската управа привремено задржа околу 7 илјади парчиња облека и околу илјада метри репроматеријали.**



*1.054 кг репроматеријал за текстилна индустрија, запленети на ЦИ Штип*




*2.000 пара потполнки за текстилни производи, откриени при контрола на репроматеријал за текстилна индустрија, пријавен за привремен увоз на ЦИ Штип,*

## Спречување на незаконско користење на екстра лесно гориво за греење

Во првиот квартал од 2013 година не се отркиени случаи на незаконско користење на т.н. црвена нафта.

## Нелегална трговија со козметика, парфеми, средства за хигиена и сл.

Во текот на првиот квартал 2013 година во **12 случаи** физичката царинска контрола резултираше со **заплена на над 3 илјада парчиња козметички препарати** и прибор, парфеми и средства за хигиена.



## Спречување нелегална трговија со други видови стока

Покрај претходно наведените групи на стоки, во првиот квратла 2013 година **во над 35 случаи** се запленети **над 9 илјади парчиња** и над илјада метри разновидна стока која не била пријавена за царинење (машини, опрема, намештај, бела техника, кујнски прибор, мобилни телефони, автоделови и автокозметика, обувки идр).




*16.630 парчиња парфимиран спреј против инспекти запленети на ГП Богородица*



*Над 2.500 парчиња разна стока запленета од страна на мобиилните тимови во ПМВ на автопатот Велес – Скопје*

### Непочитување на правилата за управување со странски возила и за јавен превоз

| ЗАДРЖАНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА ПОРАДИ НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ПРОПИСИТЕ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид возило | I | II | III | Вкупно |
| ПМВ | 9 | 22 | 8 | 39 |
| ТМВ | | | | 0 |
| Мортоцикли | 1 | 10 | | 11 |
| Друго | | | | 0 |
| Вкупно | 10 | 32 | 8 | 50 |

Поради непочитување на прописите за управување со странски моторни возила во Република Македонија, во периодот јануари – март Царинската управа **во 50 случаи привремено задржа 50 возила од кои 39 патнички моторни возила и 11 моторцикли.** Самостојно или во соработка со Државниот инспекторат за транспорт, Царинската управа во првиот квартал од 2013 година откри **9 случаи на непочитување на прописите во меѓународниот превоз на патници,** при што поведени се 9 прекршочни постапки, изречени се 9 глоби, издадени се 4 решенија за забрана за влез или излез од Република Македонија и 4 решенија за отстранување на констатирани недостатоци.

## *Документарна царинска контрола*

Документарната царинска контрола опфаќа контрола на усогласеноста на царинските и други документи за царинско постапување согласно регулативата. Оваа контрола се врши при увоз, извоз, транзит, привремен увоз, на правни лица и за нивните управители, како и за физички лица, без оглед дали станува збор за резиденти и за нерезиденти.

Врз основа на непосредна документарна царинска контрола (царински испостави, Одделение за истраги, Одделение за оперативни работи, Царинска лабораторија), **во над 6.300 случаи** се откриени несоодветни документи за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика, од кои **над 6100 илјади случаи невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи со цел прикажување пониска царинска вредност** за пресметка на увозни давачки, **75 случаи на невалидни цертификати за преференцијално потекло** на стоките со цел избегнување плаќање на увозни давачки, над **107 случаи за несоодветно распоредување во тарифни ознаки со помали увозни давачки** и над 27 случаи на презентирање други видови

несоодветни документи за избегнување плаќање на увозни давачки или мерките на трговската политика.

| РЕЗУЛТАТИ ОД ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА ВО ПРВ КВАРТАЛ 2013 ГОДИНА | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вид на документ | Јануари | | | | Февруари | | | | Март | | | | Вкупно | | | |
| | Невалидни | Фалсификат | Други | Вкупно | Невалидни | Фалсификат | Други | Вкупно | Невалидни | Фалсификат | Други | Вкупно | Невалидни | Фалсификат | Други | Вкупно |
| Фактури (пониска вредност) | 859 | | 928 | 1,787 | 1,021 | | 1,062 | 2,083 | 1,179 | | 1,098 | 2,277 | 3,059 | 0 | 3,088 | 6,147 |
| Цертификати за преференцијално потекло | 13 | | 7 | 20 | 22 | 1 | 4 | 27 | 19 | 4 | 5 | 28 | 54 | 5 | 16 | 75 |
| Несоодветно тарифно распоредување на стоката | 20 | | 13 | 33 | 34 | | 11 | 45 | 22 | | 7 | 29 | 76 | 0 | 31 | 107 |
| Други документи за пресметка на увозни давачки | 1 | | 2 | 3 | 8 | | 3 | 11 | 2 | | 4 | 6 | 11 | 0 | 9 | 20 |
| Други видови невалидни | | | 2 | 2 | 1 | 1 | | 2 | 1 | | 2 | 3 | 2 | 1 | 4 | 7 |
| **Вкупно** | **893** | **0** | **952** | **1,845** | **1,086** | **2** | **1,080** | **2,168** | **1,223** | **4** | **1,116** | **2,343** | **3,202** | **6** | **3,148** | **6,356** |

**Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи, увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 145 милиони денари на име увозни давачки**.

Најголем број од невалидните и фалсификувани документи за царинска вредност се однесуваа на увозно царинење на употребувани моторни возила, протектирани надводешни гуми, машини, метални конструкции, прибор за цевки, вентили и делови за вентили, заптивки, трпезно грозје, филтри за масло, апарати за прочистување на воздух, метални спојки, пластични цревa сребрен накит, имитации на накит од челик, часовници, хартиени и артонски производи, торбички за накит, приколки, текстилни производи, мебел, растителни масла, пвц фолии, прехрамбени производи, обувки.

Откриените случаи на распоредувањето на стоките во несоодветни тарифни ознаки, пред сѐ се однесуваа репроматеријали за производство на сокови, зачини, замрзната риба и пилешко месо, овошје и зеленчук, таблет компјутери, машини, метални конструкции, трансмисиони ремени, корнери од картон, бакарна жица со калај, лагери, употребуван мебел, печатена полипропиленска фолија за пакување, гранулат од полипропилен, потасиум сулфат, рамки за слики, електрични апарати, прекинувачи за конвертори, резервни делови за машини, делови за компјутери, органски површински препарати, скај за тапацирање на мебел, оков за прозори, челични фелни, облека, лак за коса, влажни марамици, филџани, целофан, црево за парно, силикони, рачен алат, работна облека, алуминиумска фолија, врати и каси за врати козметички производи и сл.

## Царинска лабораторија

Во првиот квартал 2013 година, во лабораторијата се **анализирани 105 мостри.** Најголем дел од мострите се однесуваат на

| РАБОТА НА ЦАРИНСКАТА ЛАБОРАТОРИЈА | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Период | Бр.на земени мостри | НАОДИ (БРОЈ И ИЗНОС НА ИЗБЕГНАТИ ДАВАЧКИ О МИЛИОНИ МКД) | | | | | | | | | | |
| | | Несоодветно тарифно распоредување | | | | | | | | Мерки на трг.пол. | Вкупно | |
| | | Нафта | | Храна | | Алкохол | | Друго | | | | |
| | | Број | Износ | Број | Износ | Број | Износ | Број | Износ | | Број | Износ |
| I | 44 | | | 6 | 0.2 | | | 4 | 0.3 | | 10 | 0.5 |
| II | 33 | | | 6 | 0.5 | | | 4 | 0.1 | | 10 | 0.6 |
| III | 28 | | | 1 | 0.2 | | | 4 | 0.1 | | 5 | 0.3 |
| **Вкупно** | **105** | **0** | **0.0** | **13** | **0.9** | **0** | **0.0** | **12** | **0.5** | **0** | **25** | **1.4** |

прехранбени производи и други стоки на хемиската индустрија. Притоа, од вкупно 105 анализирани мостри, **во 25 случаи** (23,80%, од кои 14 врз основа на анализа на техничката документација, 11 врз основа на лабораториска анализа) е констатирано дека стоката била распоредена во несоодветна тарифна ознака. Несоодветното тарифно распоредување имало за цел распоредување во тарифна ознака со помала или без царинска стапка или стапка на ДДВ, како и со цел избегнување на забрани и ограничувања за увоз на стока, утврдени со мерките на трговската политика.





*Одредување на проценти на злато ( накит) со метод на абразивна плоча со каратни игла*

## *Резултати од постцаринска контрола*

Постцаринската контрола опфаќа контрола кај трговските друштва после спроведено царинење, како и надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки за вршење работи на застапување во царински постапки и др.

| **РЕЗУЛТАТИ ОД КОНТРОЛА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА ВО 2013 ГОДИНА** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вид на контрола** | **I** | **II** | **III** | **Σ** |
| Контрола на трговски друштва | 4 | 5 | 7 | 16 |
| Контрола на иматели на акцизни одобренија | 2 | 4 | 2 | 8 |
| Контрола на иматели на одробренија за увоз за облагородување | 17 | 19 | 14 | 50 |
| Контрола на иматели на одобрени за царинско складирање | 16 | 11 | 8 | 35 |
| Контрола на иматели на други одобренија со економски ефект | 5 | 5 | 4 | 14 |
| Контрола на поедноставени царински постапки | 20 | 25 | 17 | 62 |
| Контрола на иматели на одобренија за царинско застапување | | | | |
| Контрола на иматели на други одобренија | 1 | | | 1 |
| **Вкупно** | **65** | **69** | **52** | **186** |

Во првиот квартал 2013 година **извршени се 186 контроли на трговски друштва**, вклучително и иматели на царински и акцизни одобренија од секаков вид. При извршените 16 контроли на трговски друштва **откриени се 10 случаи** на обиди за избегнување плаќање на увозни давачки на вкупен износ од 4,90 **милиони денари**. Обидите за избегнување на увозни давачки пред сè се однесуваат на непријавување на трошоци, (трошоци за меѓународен транспорт, лежарини и складишнини, испитување), неправилно тарифно распоредување, непријавен увоз на стоки. За откриените неправилности се поднесени соодветни пријави, согласно законот.

При извршените 8 контроли на иматели на акцизни одобренија откриен е еден случај на обиди за избегнување плаќање на акцизни давачки на вкупен износ од 4,45 милиони денари, за што се поднесени пријави согласно закон. Поради непридржување кон пропишаните услови, одземени се 7 акцизни дозволи и одобренија.

При извршените 50 контроли на иматели на одобренија за увоз за облагородување откриени се 3 случаи за избегнување плаќање увозни давачки во вкупен износ од 4,10 милиони денари. Поради непридржување кон условите од одобрението, привремено се одземени се 1.105 кг плетенина, 34.883 м² текстил (волнена и синтетичка ткаенина), 825 парчиња пластични закачалки, 41 килограм конец и 11 килограми остатоци од основен материјал–кроеници), При контролата на 35 иматели на одобренија за царинско складирање не се откриени случаи за избегнување плаќање увозни давачки. Откриени 3 случаи на непридржување на условите за поедноставени царински постапки поради што се одземени 3 одобренија за поедноставени царински постапки.

## *Преземени правни мерки за откриените неправилности*

Покрај непосредно, со записник наложување за плаќање на поголеми износи на увозни давачки и одземањето на царински и акцизни одобренија, за утврдените неправилности, Царинската управа донесува управни решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки и поднесува прекршочни и кривични пријави.

### Решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки

Во текот на првиот квартал од 2013 година Царинската управа донесе 275 решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки.

**УПРАВНИ РЕШЕНИЈА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАПЛАТА (ВО МИЛИОНИ МКД) ДОНЕСЕНИ ВО**

| Вид на управно решение | Јануари | | Февруари | | Март | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Износ | Број | Износ | Број | Износ | Број | Износ |
| Невалидно тарифно распоредување | 2 | 0.1 | 7 | 0.4 | 3 | 0.1 | 12 | 0.6 |
| Невалидна царинска вредност | 18 | 4.1 | 3 | 0.4 | 3 | 1.0 | 24 | 5.5 |
| Невалидно преференцијално потекло | 3 | 0.1 | 24 | 1.4 | 23 | 1.0 | 50 | 2.5 |
| Други несоодветни основи | 31 | 0.6 | 70 | 1.5 | 85 | 5.8 | 186 | 7.9 |
| Непочитување на акцизната регулатива | 2 | 199.7 | 0 | 0.0 | 1 | 4.8 | 3 | 204.5 |
| **Вкsпно** | **56** | **204.6** | **104** | **3.7** | **115** | **12.7** | **275** | **221.0** |

На име дополнителна наплата на увозни давачки се донесени **272** решенија на вкупен износ од **16,5 милиони денари**, меѓу кои :

- **12 решенија** за дополнителна наплата на вкупен износ од **0,53 милиони денари** поради несоодветно распоредување на стоката во тарифна ознака со пониски (или нула) стапки на увозни давачки,
- **24 решенија** за дополнителна наплата на вкупен износ од **5,5 милиони денари** поради декларирани пониска вредност на стоката како основица за пресметка на увозните давачки, утврдено со проверка на фактури и други документи за царинска вредност во царинските служби на извозникот,
- **50 решенија** за дополнителна наплата на вкупен износ од **2,5 милиони денари** поради невалидни докази за преференцијално потекло на стоката, врз основа на проверка во царинските служби на увозникот,
- **79 решенија** за дополнителна наплата на вкупен износ од **5,8 милиони денари** врз основа на нецаринета стока, невалидни и нецелосни документи за утврдување на

основицата за пресметка на царински долг, утврдени со контрола на трговски друштва,
- **107 решенија** за дополнителна наплата на вкупен износ од **2,1 милиони денари** по други основи.

На име дополнителна наплата на акцизни и други давачки (надоместоци) се донесени **3 решенија** на вкупен износ од **204 милиони денари**.

## Кривични пријави

Царинската управа во првиот квартал од 2013 година **поднесе 25 кривични пријави против 34 физички и 4 правни лица**. Карактеристично за овој период е големиот број поднесени крвични пријави поради недозволено тргување со наркотички дроги (9 кривични пријави против 16 физички лица), по кои следат 7 кривични пријави против 7 физички и 2 правни лица за поднесени фалисфикувани и невалидни документи со пониски вредности од правите како царинска основица за пресметка на увозни давачки). Поради криумчарење разни видови друга стока, во овој период се поднесени 6 кривични пријави против 8 физички лица. Поради поднесени фалсификувани документи за преференцијално потекло, во овој период се поднесени 3 кривични пријави против 3 физички и 2 правни лица.

**ПОДНЕСЕНИ КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ ВО ПРВ КВАРТАЛ**

| Основ за поднесена кривична пријава | 2013 | | | 2012 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави | Физички лица | Правни лица | Вкупно пријави |
| Недозволено тргување со наркотички дроги | 16 | | 9 | 3 | | 2 |
| Недозволена трговија со цигари | | | | 1 | | 1 |
| Незволено тргување со оружје и распрскувачки материјали | 2 | | 2 | 1 | | 1 |
| Недозволено тргување со лекови | 3 | | 2 | 3 | | 3 |
| Криумчарење благородни метали | 1 | | 1 | 4 | 1 | 2 |
| Криумчарење други видови стока | | | | 1 | | 1 |
| Фалсификување други исправи | | | | | | |
| Поднесени факлсификувани фактури | 5 | | 5 | | | |
| Поднесени фалсификувани цертификати за потекло на стоката | 3 | 2 | 3 | | | |
| Поднесени фактури со пониски цени од вистинските | 2 | 2 | 2 | 8 | 5 | 5 |
| Неовластено производство и промет со општо опасни материи | | | | 2 | 1 | 1 |
| Изнесување во странство археолошки матерјал, споменик на културата | 2 | | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Злоупотреба на постапка за јавен повик | | | | | | |
| **Вкупно** | **34** | **4** | **25** | **24** | **8** | **17** |

## Царински, девизни и акцизни прекршоци

Во првиот квартал 2013 година се **поднесени 222 прекршочни пријави** од кои, 200 за царински прекршок, 20 за девизен прекршок и 2 за акцизен прекршок. 191 прекршочни пријави се однесуваат на физички, а 31 на правни лица.

**ПРИМЕНИ ПРЕКРШОЧНИ ПРИЈАВИ ВО 2013 ГОДИНА**

| Вид на прекршоци | Јануари | | | Февруари | | | Март | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | Правни лица | Вкупно | Физички лица | Правни лица | Вкупно | Физички лица | Правни лица | Вкупно | Физички лица | Правни лица | Вкупно |
| Царински | 64 | 12 | 76 | 60 | 7 | 67 | 46 | 11 | 57 | 170 | 30 | 200 |
| Девизни | 5 | 0 | 5 | 8 | 0 | 8 | 7 | 0 | 7 | 20 | 0 | 20 |
| Акцизни | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 |
| Други | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **69** | **12** | **81** | **68** | **7** | **75** | **54** | **12** | **66** | **191** | **31** | **222** |

Решени се 448 прекршочни предмети (и од претходните периоди) и притоа на сторителите им е изречена глоба во износ од 25,7 милиони денари. Во 265 предмети е изречена и мерка одземање на стоката предмет на прекршокот, а во 4 предмети за сторен девизен прекршок изречена е мерка одземање на непријавените девизни средства кои во денарска противвредност изнесуваат околу 23,8 милиони денари.

**РЕШЕНИ ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ И ИЗРЕЧЕНИ ГЛОБИ (во милиони денари) ВО 2013 ГОДИНА**

| Вид на пекршоци | Јану | | Фев | | Мат | | Вкуп | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Глоба | Број | Глоба | Број | Глоба | Број | Глоба |
| Царински | 143 | 11.4 | 149 | 8.3 | 152 | 6 | 444 | 25.7 |
| Девизни | 1 | | 1 | | 2 | | 4 | 0 |
| Акцизни | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Други | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **144** | **11.4** | **150** | **8.3** | **154** | **6** | **448** | **25.7** |

Во првиот квартал 2013 година се изречени **482 мандатни казни**, од кои 252 на физички лица, а 230 на правни лица, при што им се изречени казни во висина од околу 4 милиони денари.

**БРОЈ НА ИЗРЕЧЕНИ МАНДАТНИ КАЗНИ ВО ПРВ КВАРТАЛ 2013 ГОДИНА**

| Царинарници | Јануари | | | Февруари | | | Март | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Физички лица | Правни лица | Вкупно | Физички лица | Правни лица | Вкупно | Физички лица | Правни лица | Вкупно | Физички лица | Правни лица | Вкупно |
| Скопје | 38 | 22 | 60 | 34 | 26 | 60 | 36 | 17 | 53 | 108 | 65 | 173 |
| Куманово | 19 | 1 | 20 | 11 | 24 | 35 | 6 | 1 | 7 | 36 | 26 | 62 |
| Штип | 4 | 22 | 26 | 13 | 18 | 31 | 4 | 9 | 13 | 21 | 49 | 70 |
| Гевгелија | 15 | 52 | 67 | 7 | 16 | 23 | 19 | 18 | 37 | 41 | 86 | 127 |
| Битола | 23 | 3 | 26 | 11 | 1 | 12 | 12 | 0 | 12 | 46 | 4 | 50 |
| **Вкупно** | **99** | **100** | **199** | **76** | **85** | **161** | **77** | **45** | **122** | **252** | **230** | **482** |

Во Царинарница Скопје се изречени се 173 мандатни казни во износ од околу 1,23 милиони денари, во Царинарница Гевгелија се 127 во износ од околу 1,47 милиони денари, во Царинарница Штип 70 во износ од околу 440 илјади денари, во Царинарница Куманово 62 во износ од околу 410 илјади денари и во Царинарница Битола 50 мандатни казни во износ од околу 180 илјади денари.

**ВКУПЕН ИЗНОС НА ИЗРЕЧЕНИ МАНДАТНИ КАЗНИ (во милиони денари) ВО 2013 ГОДИНА**

| Царинарници | Јануари | | Февруари | | Март | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Износ | Број | Износ | Број | Износ | Број | Износ |
| Скопје | 60 | 0.42 | 60 | 0.44 | 53 | 0.37 | 173 | 1.23 |
| Куманово | 20 | 0.06 | 35 | 0.33 | 7 | 0.02 | 62 | 0.41 |
| Штип | 26 | 0.11 | 31 | 0.26 | 13 | 0.07 | 70 | 0.44 |
| Гевгелија | 67 | 0.99 | 23 | 0.31 | 37 | 0.17 | 127 | 1.47 |
| Битола | 26 | 0.11 | 12 | 0.04 | 12 | 0.03 | 50 | 0.18 |
| **Вкупно** | **199** | **1.69** | **161** | **1.38** | **122** | **0.66** | **482** | **3.73** |

## *Учество во меѓународни активности*

Во првиот квартал 2013 година Царинската управа учествуваше во Проектот „GLOBAL SHIELD", - мултилатерална операција за борба против нелегалниот транспорт и трговија со високо ризични хемикалии кои се употребуваат за производство на експлозиви, во организација и координација на СЦО, како и во меѓународната операција TROJAN HORSE III (борба против трговија со стоки кои го повредуваат правото на интелектуална сопственост), организирана од SELEC.

Во овој период Царинската управа **внесе во CEN базата 63 заплени** од кои најголемиот дел се однесуваат на повреда на правото од интелектуална сопственост (21), заплена на дрога (9), заплена на девизи (10), заплена на лекови за човечка употреба (5), заплена на мигранти (9) и други. Истиот период беа доставени и 10 информации за

заплена на дрога до ЗКА Балкан инфо, како и 56 информации за запленета стока до SELEC центарот, каде е учествувано и на состаноците на работните групи.

Во текот на првиот квартал 2013 година, продолжи редовната соработка со UNODC, со царинските служби на Србија, Косово, Албанија, Бугарија, Хрватска, Германија, Франција и Шведска, како и континуираната размена на информации преку EU TWIX (мрежа за размена на информации поврзани со заштита на загрозени животински и растителни видови).

## *Заштита на права од интелектуална сопственост*

На крајот на правиот квартал од 2013 година во Царинската управа **бројот на регистрирани барања на трговски марки за царинска заштита на права од интелектуална сопственост изнесуваше 257** (222 на крајот на 2012 година).

Бројот на царински службеници – корисници на **IPM (Interfaced Public Member) платформата на СЦО изнесуваше 480**, кои во текот на првиот квартал на 2013 година оствариле 98 пристапи до апликацијата. Во периодот јануари - март 2013 година од страна на Царинската управа донесено е **Корисничкото упатство за работа со платформата на Светската царинска организација (СЦО) за заштитени трговски марки и повреда на права од интелектуална сопственост**. Апликацијата претставува средство за ефикасно препознавање на оригиналноста на производите, како и за ефективно откривање и докажување на фалсификувани трговски марки.

**Покрај другите, барање за заштита на права од интелектуална сопственост во Царинската управа имаат регистрирано и следните трговски марки:** Parot, New Era Fits, Ralph Lauren Romance, Bmg Impex 444 a Extra Quality, Givenchy, Amor Amor, Hublot, Pandora, Intesa, M.A.C. 8x4, Atrix, Beiersdorf, Elastoplast, Eucerin, Hansaplast, Labello, Nivea, Bdf, Eucerin (Logo 2001), Hansaplast (Logo 2007), Nivea Crème (Label 1970), Nivea For Men (Logo 2008), Nivea (Logo 2007), Nivea Sun (Logo 2005), Nivea Visage (Logo 2007), Atrix (Logo 2008), Florena, Nivea (Logo 2011), Nivea Crème (3 Dimensional), Nivea Men (Logo 2012), Panasonic, Etimat, Mach 3, Casio, Toffife, Bulgari, Louis Vuitton, Gm, Hp, Brut, Chanel, Jaffa и индустриски дизајн Профили.

Во периодот јануари - март 2013 година во **23** акции, привремено се задржани **174,5** илјади парчиња стока поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост. Во вкупната количина доминираше учеството на налепници за шампони со над 30 %, лак и пена за коса со над 24%, крем табли со над 20%, жилети за бричење со над 9%, авто делови и деловите за

**ЗАДРЖАНИ ПРОИЗВОДИ ВО ПРВ КВАРТАЛ 2013 ГОДИНА ПОРАДИ СОМНЕВАЊЕ ДЕКА ПОВРЕДУВААТ ПРАВО ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**

| | Вид на производи | Ед. мерка | I | II | III | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Облека, додатоци и други поврзани производи и репроматеријали | Парче | 1,051 | 100 | 512 | 1,663 |
| 2 | Обувки и додатоци | Пар | 120 | | 2,588 | 2,708 |
| 3 | Парфеми, дезодоранси, козметика исл. | Парче | 16 | 2,733 | 605 | 3,354 |
| 4 | Телефони, ИТ, аудио, видео, делови и опррема и сл. | Парче | 313 | | | 313 |
| 5 | Авто делови и опрема | Парче | 4,400 | | 9,500 | 13,900 |
| 6 | Лекови | Парче | | | | 0 |
| 7 | Друго | Парче | 17,470 | 38,901 | 96,196 | 152,567 |
| | **Вкупно** | | **23,370** | **41,734** | **109,401** | **174,505** |

мотоцикли со над 7,9 %. и обувки со над 3% . Во однос на потеклото на привремено задржаната стока по овој основ, доминира Турција со 57% , по која следи Србија со 20% и Кина со 18%.

Во 12 случаи, количина од 41 илјади жилети за бричење е ослободена бидејќи застапниците на имателите на трговски марки се изјаснија дека предметната стока не ги повредува правата од интелектуална сопственост. Околу 14 илјади парчиња авто делови се ослободени поради тоа што застапниците и носителите не изразија интерес да се регистрираат кај Царинската управа преку поднесување барање за заштита на права од интелектуална сопственост. Врз основа на потврдена повреда на права од интелектуална сопственост, во текот на првиот квартал 2013 година, под царински надзор **беа уништени 2.149 парчиња фалсификувана стока** (текстилни производи, гумени нараквици, рачни часовници).

Во продолжение се прикажани поинтересни случаи на привремено задржаната стока поради основано сомневање дека повредува права од интелектуална сопственост.



*205 парчиња накит од охридски бисери (114 ѓердани и 91 нараквици) привремено задржани на ГП Табановце*




*53 илјади парчиња налепници за шампон за коса, привремено задржани на ГП Богородица*




*45 илјади парчиња лак и гел за коса привремено задржани на ГП Богородица*




*4.600 кг крем табли привремено задржани на ЦИ Тетово*

## *Наплатени приходи*

| НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ (Во милиони денари) | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2013 | | | | | 2012 | | | | |
| Период | Царина | ДДВ | Акцизи | Надоместоци | Вкупно | Царина | ДДВ | Акцизи | Надоместоци | Вкупно |
| I | 360 | 2,865 | 1,172 | 219 | 4,615 | 264 | 2,915 | 1,365 | 138 | 4,682 |
| II | 297 | 2,764 | 1,107 | 116 | 4,284 | 343 | 3,054 | 971 | 157 | 4,525 |
| III | 358 | 2,867 | 1,171 | 167 | 4,562 | 325 | 3,784 | 1,071 | 187 | 5,368 |
| **Вкупно** | **1,015** | **8,496** | **3,450** | **501** | **13,462** | **932** | **9,754** | **3,407** | **482** | **14,575** |

Царинската управа врши наплата на царина, ДДВ од увоз, акцизи (на производство, увоз и промет), надоместоци на тутунски производи и производи од нафта (на производство и увоз). Во првиот квартал од 2013 година по сите основи **се наплатени околу 13,5 милијарди денари**, што е за 8% помалку во однос на првиот квартал 2012 година кога беа наплатени околу 14,6 милијарди денари.

## *Царина*

Во периодот јануари-март 2013 година наплатени се **1.015 милиони денари на име царина и други царински давачки со еквивалентен ефект**, што е 16% повеќе од планираните 874 милиони денари и 9% повеќе во однос на наплатените приходи во истиот период 2012 година кога се наплатени 932 милиони денари.

Пораст на наплатени приходи од царина бележат:

- Увоз на месо и други кланични производи за јадење (43%). Вредноста на увозот во јануари - март 2013 година е зголемена за 8%, а количината е зголемена за 4% што е основна причина за зголемување на приходите при увоз на овој вид стока. Зголемувањето на приходите од царински давачки најмногу е евидентирано кај увозот на замрзнати парчиња говедско месо.
- Увоз на обувки, гамашни и слични производи, делови од тие производи (35%). Вредноста на увозот е зголемена за 15%, а количината на увоз е зголемена за 4%. Зголемувањето на приходите се должи на зголемениот обем на увоз и зголемената вредност на овој вид стока. Во периодот јануари - март 2012 година од вкупниот увоз најголем увоз има од Турција и од Кина.
- Увоз на електрични машини и опрема и нивни делови, апарати за снимање или репродукција на звук, телевизиски апарати за снимање или репродукција на слики и звук, и делови и прибор за овие апарати (26%). Вредноста на увозот е зголемена за 14%, а количината на увоз е зголемена за 31% во однос на истиот период минатата година. Зголемувањето на приходите се должи на зголемената вредност и обем на увоз на овој вид стока.
- Увоз на облека и прибор за облека, освен плетени или хеклани производи (52%). Вредноста на увозот е зголемена за 22%, а количината на увоз е зголемена за 3% во однос на истиот период минатата година. Зголемувањето на приходите се должи на зголемената вредност и количина на овој вид стока. Во периодот јануари - март 2012 година од вкупниот увоз најголем увоз има од Кина и од Турција.

Намалување на приходите од царина има при увоз на возила, освен железнички или трамвајски шински возила, и нивни делови и прибор (44%). Вредноста на увоз е

намалена за 13%, а количината е на исто ниво како минатата година. Намалувањето на приходите се должи на намалената вредност на увоз и поради тоа што во периодот јануари - март 2013 година од вкупната вредност на овој вид стока 66% се увезени со преференцијално потекло, а во истиот период 2012 година со преференцијално потекло биле увезени 58%.

## *ДДВ*

Наплатените **приходи од увозен ДДВ** во периодот јануари - март 2013 година изнесуваат **8.496 милиони денари**, што е за 13% помалку во однос на периодот јануари - март 2012 година, кога се наплатени 9.753 милиони денари. Најголемо намалување на приходите од ДДВ бележи:

- Увозот на минерални горива, минерални масла и производи од нивна дестилација, битуменозни материи, минерални восоци (36%) во однос на истиот период 2012 година. Вредноста на увозот на овој вид стока е намалена за 40%, а количината на увоз е намалена за 31%. Најголемо намалување е евидентирано кај увозот на природен гас во овој период кое изнесува 29%;
- Увозот на возила, освен железнички или трамвајски шински возила, и нивни делови и прибор (14%). Вредноста на увоз на овој вид стока е намалена за 13%, а количината на увоз е зголемена за 2%.
- Увозот на железо и челик (29%). Вредноста на увозот е за 9% пониска од вредноста на увоз во јануари-март 2012 година, а увезената количина е намалена за 12%).

## *Акцизи*

Наплатените **приходи од акцизи** во период јануари-март 2013 година изнесуваат **3.450 милиони денари,** што е 1% повеќе од наплатените приходи во истиот период 2012 година кога се наплатени 3.415 милиони денари. Најголем приход е остварен од наплатата на акциза за минерални масла и деривати кои учествуваат со 58% во вкупно остварениот приход од акцизи.

## *Надоместоци*

Наплатените **приходи од надоместоци** во периодот јануари - март 2013 година изнесуваат **501 милиони денари**, што е 4% повеќе во однос на истиот период 2012 година кога се наплатени 482 милиони денари. Порастот се должи поради зголемената наплата на надоместоците согласно Законот за тутун и тутунски производи и Законот за здравствена заштита во внатрешен промет. Исто така, забележано е зголемување во овој период има кај приходите од надоместоци при увоз за екологија, додека кај сите останати приходи од надоместоци е забележано намалување.

## *Односи со јавноста*

Царинската управа е посветена и во функција на јавноста, со максимално почитување на принципите на отвореност во информирањето, како и создавање на кадровски и технички капацитети во насока на обезбедување на успешни односи со јавност.

Во првиот квартал од 2013 година одржани се **6** прес конференции, направени се две репортажи, едно линковско поврзување во телевизиски вести, **до медиуми се пратени 46 соопштенија** за заплени на дрога, девизи, фалсификувана стока, прекршочни пријави, кривични пријави, а **одговорено е на 46 новинарски прашања**.

## *Репортажи:*

### Лабрадорите Адон и Арон се закон за наркодилерите

Во јануари 2013 година, екипа од електронскиот портал МКД МК направи репортажа со кучињата обучени за откривање на дрога и нивните тренери. Во кругот на Царинската управа лабрадорите Адон и Арон практично демонстрираа откривање на дрога . Детали за чувањето и обуката на кучињата дадоа нивните тренери.





*Демонстрација на откривање на дрога на лабрадорите Адон и Арон*

### Дневник: Шверцерот на дрога ми помогна да го пребараме автобусот



10 Хроника

Шверцерот на дрога ми помогна да го пребараме автобусот

На 01.02.2013 година во дневниот весник „Дневник“ е објавена репортажа за начинот на кој царинскиот службеник од граничниот премин Табановце открил 126 кг марихуана во покривна конструкција на автобус, со што спречил меѓународен шверц на дрога. Меѓу другото во прилогот царинските службеници објаснуваат и за други интересни заплени што се случуваат на овој граничен премин.

## Посета на ученици од трето и четврто одделение од ОУ „Рајко Жинзифов" и снимање на едукативна емисија за деца на тема „Царина"

По повод 14 Април – Денот на Царинската управа, во март 2013 година беше организирано снимање на едукативна емисија за деца на тема „Царина" со ученици од Основното училиште „Рајко Жинзифов" од Скопје. Децата беа гости во Царинската управа. Ги пречекаа директорот и вработенитђ во Царината, а го посетија и граничниот премин Табановце каде царинските службеници практично им покажаа како се врши преглед на возило, преглед со скенер и преглед со царинско куче. Учениците ја посетија Царинарница Скопје, каде се запознаа со начинот на царинење на стока, а подоцна и Аеродромот „Александар Велики" каде ги проверуваа патните торби на патниците, заедно со царинските службеници и со царинско куче. Децата го посетија и Информативниот музејски простор и се запознаа со различни видови на стоки и предмети кои се дозволени и забранети за внесување и изнесување, стоки на заштитни трговски марки, артефакти и археолошки предмети.





## *Интернет и интранет*

Во првиот квартал од 2013 година на интернет страницата се **објавени 119 содржини** на македонски јазик, од нив 95 се објавени на англиски и 57 на албански јазик. **На интранет се објавени 269 информации**. Од страна на посетителите, овој квартал се испратени 253 прашања, жалби и сугестии. Одговорено е на 131 прашања, а жалбите и сугестиите се проследени до надлежните организациони единици. Во овој квартал интернет страницата е посетена **412 илјади** пати од вкупно **42 илјади** посетители. Најпосетени беа табовите: „Вести" (227 илјади пати), „Царинска тарифа" (19 илјади пати), „Најчесто поставувани прашања" (18 илјади пати), Контакти" (6 илјади пати), „Царински закон" (5 илјади пати), „Интерактивна мапа" ( 4 илјади пати).

**СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦАТА 2013**

| | I | II | III | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Објавени содржини | 23 | 43 | 53 | 119 |
| Број на посетители | 14,602 | 13,466 | 14,168 | 42,236 |
| Број на посети | 137,163 | 135,685 | 139,578 | 412,426 |
| Најпосетени табови (број) | | | | |
| Вести | 74,525 | 78,776 | 73,414 | 226,715 |
| Царинска тарифа | 6,475 | 7,365 | 5,364 | 19,204 |
| Најчесто поставувани прашања | 6,311 | 6,556 | 5,200 | 18,067 |
| Интерактивна мапа | 1,201 | 1,761 | 1,301 | 4,263 |
| Контакти | 2,001 | 2,008 | 2,111 | 6,120 |
| Царински закон | 1,586 | 1,596 | 1,475 | 4,657 |

**СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ИНТРАНЕТ**

| | I | II | III | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Објавени содржини | 41 | 168 | 60 | 269 |
| Број на посетители | 1,161 | 1,160 | 1,150 | 3,471 |
| Број на посети | 12,516 | 9,879 | 10,125 | 32,520 |

## *Отворена царинска телефонска линија (197)*

| ОТВОРЕНА ЦАРИНСКА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА - 197 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Број и вид на повици** | **I** | **II** | **III** | **Вкупно** |
| Класа А | 2 | 8 | 3 | 13 |
| Класа Б | 6 | 2 | 3 | 11 |
| Класа С | 57 | 75 | 53 | 185 |
| Класа Ј | 5 | 4 | 6 | 15 |
| Останати | 1,968 | 1,605 | 1,715 | 5,288 |
| **Вкупно** | **2,038** | **1,694** | **1,780** | **5,512** |

На отворената царинска телефонска линија (197) во периодот јануари - март 2013 година се добиени вкупно 5.512 илјади повици, од кои 13 „А“ класа[2], 11 повици од „Б“ класа[3], 185 повици од „С“ класа[4] и 15 повици од „Ј“ класа[5]. Најголемиот дел од повиците се однесува на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави, како и на споведувањето на поедноставените царински постапки. Како резултат на процесуирање на добиените повици на отворената царинска линија, извршена е заплена на цигари, за добиените информации од страна на соодветните служби извршена е обработка и анализа од доменот на нивното работење.

## *Граѓански дневник*

Во овој период Царинската управа донесе **нов Граѓански дневник** и истиот е објавен на интернет страницата на Царинската управа. Истовремено е донесено и ново **Упатство за постапување по граѓанскиот дневник за оценување на услугите кои ги врши Царинската управа**. Во првиот квартал 2013 година Граѓанскиот дневник на интернет страната на Царинската управа е **посетен приближно 600 пати** (200 пати месечно). Во периодот јануари – март поставени се 8 прашања преку системот на Граѓански дневник (www.uslugi.gov.mk) кои се одговорени.

## *Претставки и предлози и слободен пристап до информации.*

Во периодот јануари-март 2013 година, Царинската управа прими 3 претставки и предлози и по истите е соодветно постапено. Согласно Законот за слободен простап до информации од јавен карактер примени се 5 барања и истите се соодветно одговорени.

## *Волонтерство*

Со цел приближување на работата на државната администрација кон граѓаните на Република Македонија, а воедно и укажување на можност за стекнување на работно искуство на младите со кое би можеле полесно да конкурираат на пазарот на трудот,

---

[2] А класа се информации за кои се бара неодложна акција од страна на царинска испостава или мобилна екипа

[3] В класа се информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа

[4] С класа се информации што неможат да се користат, односно се повици за поплака или пофалба на царински процедури

[5] Ј класа се информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

Царинската управа како организатор на волонтерство во јануари 2013 година донесе **Програма за волонтерство**. Со оваа Програма се утврдува потребата од ангажирање на волонтери, видот на услугите и начинот и постапката за обезбедуивање на истите во Царинската управа.

## *Царинска соработка*

### *Соработка со бизнис заедницата*



Во првиот квартал 2013 година беа одржани 3 редовни и еден вонреден состанок на Советодавното тело на кои беа разгледани Упатството за поднесување на царинска декларација пред ставање на стоката на увид, Упатството за минималните услови и начинот на определување на работниот простор каде стоката во товарни моторни возила се става на увид и се врши преглед од страна на царинските органи, приманта на Конвенцијата CMR, ревидираниот Стратешки план на Царинската управа и Акциониот план 2013/2104 година, како и можностите за поедноставување на постапката на извоз на пратки со мала вредност кои се нарачуваат преку интернет. Двајца претставници на Советодавното тело се номинирани да учествуваат во активностите за унапредување на системот EXIM.

### *Соработка царина - царина*



На 13 март 2013 година во Херцег Нови, Црна Гора, Царинската управа на Република Македонија и Царинската управа на Црна Гора, потпишаа Спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за соработка и взаемна помош по царински прашања. Со оваа Спогодба се промовира соработка помеѓу двете царински служби и се создава правна рамка за да се обезбеди правилна примена на царинското законодавство, особено за спречување, откривање, борба против измами и истраги поврзани со царински прекршоци, преку размена на информации и взаемна помош, се со цел да се обезбеди правилна пресметка на царинските давачки, даноци и други давачки, точно определување на тарифното распоредување, вредноста и потеклото на стоката, превземање на мерки со што се олеснува и забрзува движењето на патници и протокот на стока, како и размена на техничко искуство заради унапредување на работата на царинските органи.

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА



На 6 и 7 март 2013 година во Анкара, Турција, директорот на Царинската управа на Република Македонија оствари билатерална средба со директорот на Подсекретаријатот за Царина на Република Турција, задолжен за ЕУ и надворешни прашања, на која беа разгледани конкретните резултати од успешно воспоставената соработка и беа разменети мислења и предлози за нејзино продлабочување во иднина.

Со подршка на Американската амбасада, во Крушево е одржана работна средба помеѓу Американската стопанска комора и претставниците на Координативното тело за заштита на права од интелектуална сопственост, каде присуствуваше и претставник од Царинската управа. На состанокот се дискутираше за потребата од воспоставување на нова Стратегија за ИПР во рамките на дејствувањето на Координативното тело.

Со цел запознавање на учесниците во царинската постапка со функционалностите на апликацијата за Системот за царински постапки со економски ефект одржана е **обука за Апликацијата за постапки со економски ефект за надворешни корисници** (економски оператори), На обуката која се одржа на 31.01.2013 во амфитеатарот на Педагошкиот факултет во Штип, учествуваа 64 учесници – економски оператори на територијата на Царинарница Штип.

## *Меѓуинституционална соработка*



**Во јануари 2013 година, Царинската управа, АД Македонски Железници – Транспорт, ЈП Македонски Железници – инфраструктура потпишаа Меморандум за соработка**. Овој меморандум ќе се обезбеди полесен, поедноставен и побрз проток на стока и патници превезувани преку железница, ефикасна царинска контрола, заштита на населението од аспект на безбедност, заразни болести, распространување на оружје и наркотици, следење, усогласување, оптимизација и изнаоѓање решенија на проблемите поврзани со протокот на патници и стока на железничките гранични премини и стока во стоковите испостави и промовирање соработка и координирање помеѓу договорните страни.